К П 1748
Инв. бр. К 4213/бр
КОК-66-5

КРУМЕ КЕПЕСКИ

# МАКЕДОНСКА ГРАМАТИКА

Со решение од Министерството на народната просвета на Македонија бр. 343, од 24. I. 1946 г., се одобрует ова граматика за учебник во средните училишта

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ 1946

# ПРЕДГОВОР

Предлаганата граматика треба да ја задоволи големата нужда од учебник за македонски јазик во нашите гимназии.

Материалот го подбрав во духот на програмата од Министерството на народната просвета и се трудев да го изнесам во достапна форма.

При пишуењето на оваа граматика имав желба да им дадам на учениците учебник што ќе ги воведе во нашиот литературен јазик и ќе им спомогне да ги разберат неговите основни црти. Предавајќи и сам во гимназиите и знаејќи што може да се премине, се трудев да го изнесам граматичкиот материал во што постегнат обем.

Дека писменоста и во другите јазици е област каде што најмногу се греши, а ученикот е често пати тука оставен сам на себе си и на својата досетливост, гледав да дадам попланско и посистемно упатуење во истата област.

Колку ќе одговори овој учебник на поставените цели, ќе покаже праксата.

Јануари 1946 г.
Скопје

*Писателот*

# УВОД

## Народ и јазик

### *Јазикот како белег на националната индивидуалност*

Еден ден се сретија на гарата со куфери в раце Трајко и Ордан.

— Добар ден, Ордане!

— Добар ден, Трајко! Каде си кинисал?

— За Велес.

— Ами ти каде ќе одиш?

— На гости во Скопје.

— Тогаш заедно ќе патуеме.

*Прашање*: 1. На кој јазик зборуат Трајко и Ордан? Во ова сочинение Трајко и Ордан зборуат на македонски јазик. 2. Ами од која народност се тие? Тие се Македонци. 3. Што е народ? Народ се вика голема група од луѓе-што живеат заедно на едно место, имаат исти обичаи, зборуат на ист јазик, имаат економски врски и ист менталитет т. е. психолошки особини. 4. Македонскиот народ има ли ги тие црти? Да, затоа е признат како одделен народ и член во големата група на славјанските народи, а живее во заедница со Срби, Хрвати, Словенци и Црногорци во федеративна народна република Југославија. 5. Како ќе го познаеме најлесно еден странец, припадник на еден народ: Русин, Албанец, Турчин или Англичанец? По носијата, лицето и јазикот.

Една од најглавните црти и белези на народноста е јазикот. По него најлесно се познаваат народите.

Секој народ си има свој јазик, како средство со кое што си ги искажуе своите мисли, чувства или желби. Македонците си имаат свој јазик — македонски, Србите — српски, Руситe — руски, Французите — француски итн.

### Прасловјански јазик

1. Кого поарно ќе го разбереме: еден Русин или Французин? Сигурно Русинот.

2. Од каде иде тоа да ни се чинат некои јазици поблиски до нашиот јазик: како српскиот, хрватскиот, словенечкиот, рускиот, бугарскиот чешкиот или полскиот, а другите како францускиот, англискиот подалечни?

Тоа иде оттаму дека некогаш во старо време сите славјански народи зборуеле на ист јазик. Тој јазик бил *прасловјанскиот јазик.* Славјанските народи живееле зад Карпатските Планини, во Галиција (Јужна Полска), завземајќи уште и области од Белорусија и Украина (меѓу реките Днестар, Днепар, Припет и Припетските Блата). Помалку поради лошиот помин и условија за живот, а повеќе поради сталните напаѓања од разни азиски племиња, некои од Славјаните почнале да се селат од заедничката татковина и да одат кон северозапад (Чеси, Полјаци, Словаци — поради што се нарекоа Западни Славјани), други отидоа на југ или југозапад (Срби, Хрвати, Словенци, Македонци и Бугари — наречени Јужни Славјани), а трети се раширија на исток (Русите — наречени Источни Славјани). Со преселбата тие се оддалечиле еден од друг, јазикот почнал да им се одделуе и да се оформуе како одделен. Оттаму денеска разни славјански јазици, макар да сите некогаш зборуеле ист јазик — *прасловјански.*

### Говор и писмо

По говорот човекот се разликуе од животните, и благодарејќи на него, тој може да се разбира со други луѓе. Говорот се состои од збории употребени во поголеми јазични целинки — реченици, со кои што си ги искажуеме нашите мисли усмено или со знаци — писмено. Усменото и писменото изразуење го чини јазикот на еден народ.

## Македонски јазик

*Мајчин, народен јазик — диалекти и литературен јазик*

### Мајчин јазик

1. *Прашање*: На кој јазик најлесно си ги кажуеме мислите? Има ли помил и посладок за човека од неговиот мајчин јазик?

Јазикот што сме го научиле од мајка си уште од најрано детинство се вика *мајчин јазик*. Помил и пославок од мајчиниот јазик нема. Каква радост осетуеме кога во туѓина чуеме некој што ни зборуе на нашиот мајчин јазик. Како лесно си ги кажуеме мислите на него.

## Народен јазик

Кој јазик се вика народен јазик?

Јазикот на кој што зборуе широката народна маса се вика *народен јазик*. Јазикот на кој што зборуе македонскиот народ, се вика *македонски јазик*.

## Диалекти — Наречја

*Прашање:* Зборуе ли нашиот народ насекаде еднакво, или има некои различија во говорот? Сигурно има различија. Тие ситни различија во говорот на нашиот народ се викаат *диалекти* или *наречја*. Секој јазик си има такви диалекти.

Нашиот јазик во врска со акцентот и други јазични црти ги разликуе овие наречја или диалекти:

1. *Западномакедонско наречје* со овие главни говори: а) *Централните* (велешки, прилепски, кичевски, битолски) — со стален акцент на третиот слог од крајот на зборот. Тоа наречје е земено за основа на нашиот литературен јазик. Колку да се уголемуе зборот со додавање на честици, сѐ акцентот си стои на третиот слог од крајот. Пр.: водѐница, воденѝцата, итн. б) *Дебарско-галичко наречје* со црти: мие, пот (пат).

2. *Југозападно македонско наречје*: *Костурско-леринско* со акцент на вториот слог од крајот: бабѝчка, бабичѝца. Блиску до нив се говорите *Тиквешко-мариовски*.

3. *Југоисточно македонско наречје*: гевгелијски, дојрански и струмички говори.

4. *Кукушко-воденско* со подвижен акцент — со тенденција да се сведе на последните два слога: јабу̀лка, сино̀ви, дубѝток, ура̀ч, чувѐк.

5. *Источно македонско наречје* (Штипско): со подвижен акцент, — со тенденција да се сведе на последните три: ѝстина, рабо̀та, дојдѐ.

6. *Северно македонско наречје* (Кумановско-кратовско), со црти што преминуат накај моравските говори: дън, сън и сл.

## Литературен јазик

Сите наши образовани луѓе се стремат да пишуат на ист јазик, иако не зборуат еднакво секаде. Земено е едно наречје за основа на општиот јазик — кај нас централното — на кое што пишуат сите Македонци да би се полесно разбирале преку книга и писмо. *Јазик што се учи во училиштата и на кој што зборуат образованите луѓе, како и административниот јазик — се вика литературен.*

## Утврдуење на македонскиот литературен јазик како резултат од народноослободителната борба

За литературен јазик секој народ си зел едно свое наречје — говор. Ние Македонците го зедовме за свој литературен јазик централното наречје. Тој литературен јазик е плод на народно-ослободителната борба. На 29-IX-1943 год. на второто заседание на АВНОЈ во Јајце македонскиот народ е признат како одделен народ со свој јазик. На 2-VIII-1944 год. во манастирот св. Прохор Пчински свикано е заседание и пред претставители на југословенските народи како и пред претставители на големите сојузници, македонскиот народ влегуе доброволно како одделен народ со одделен административен и литературен јазик — македонски — во општата заедница на југословенската држава — федеративна и демократска Југославија.

За основата на литературниот македонски јазик се зема централното наречје, кое што ги има овие одличителни црти:

1. Стариот полуглас ъ заменен е со *о*: *сон* (сънъ).
2. Стариот полуглас ь заменен е со *е*: *пес* (пьсъ).
3. Стариот глас ѫ (он) заменен е со *а*: *рака* (од рѫка).
4. Стариот полуглас ѧ (ен) заменен е со *е*: *месо* (од мѧсо).
5. Старите меки согласки *тј*, *дј*, заменени со *ќ* и *ѓ*: *свеќа* (светја), *меѓа* (медја).
6. Губење на *х* или неговото заместуење со *в*: *леб, зедов, кревко* (хлеб, зедох, крехко).
7. Акцентот на третиот слог од крајот.
8. Употреба на двојната заменка во датив и акузатив: *тебе ти, тебе те, нему му, него го, вам ви, вас ве.*
9. Членот има три фроми: *-ов, -ва, -во; -ве, -ва; -он, -на, -но; -не, -на; -от, -та, -то; -те, -та.*

## Нашиот стар книжовен јазик

Најстариот книжовен јазик за сите Славјани е јазикот на кој што св. Кирил ја составил првата азбука и ги превел со брата си Методија потребните црквени книги. Тој јазик е јазикот на македонските Славјани што живееја во IX век во Солунско. Тој јазик се вика *старославјански*. Тој стар јазик на кој што Солунските браќа Кирил и Методија проповедуеја не е истиот со овој што се употребуе денеска по црквите. Тој е *црквенославјански* или *рускославјански*, што дошол од XVII век наваму со руските книги, што се донесуеле од Русија. По тоа време (XVII век) ние сме биле под турското ропство и не можело да се печатат кај нас книги.

Јазикот на Кирила и Методија е сочуван во неколку старославјански документи — евангелија и други црквени книги, препишани во крајот на X век или почетокот на XI век. Тие денеска се чуваат во разни големи светски библиотеки: во Москва, Ленинград, Киев, Рим итн.

## Начин за искажуење иа нашите мисли

Има многу начини за искажуење на нашите мисли. Освен со зборои, кои што се говорат или се пишуат, има и други начини за соопштуење на нашите мисли. Некој од тие начини водат потекло од најстари времиња. Донекаде своите мисли луѓето можат да ги соопштат или внушат со мимика, изрази на лицето, посочуење со прст или рака, со мигање на окото и разни други движенија на своите делои на телото (гестикулации). Напр: се намигнуе со окото на некого за да молчи или остро се погледнуе за да му се обрне внимание за нешто, посочувајќи му ја при тоа со прст или на друг начин нашата желба. И денеска дивите племиња се разбираат со биење на барабан, на кој што разно бијат за разни случаи, предавајќи ги желбите. Во војската постои разбирање меѓу две групи со давање знаци со бајраци или ракети (ноќно време). Исто така постои разбирање и меѓу морнарите од два парахода. Слични сигнали се даваат и на железничките гари за раководење на возоите.

Но најјасно разбирање и соопштуење на мисли се врши со говор, ако сме близу со тие со кој што зборуеме, или со писмо кога сме во разговор со луѓе што се во друго место.

Луѓето ги искажуат своите мисли најчесто усмено, но ако сакаме да соопштиме на некој кој што не е тука, ами е оддалечен од нас, ние не можеме да му го соопштиме усмено она што мислиме. Тогај се служиме со писмен говор, пишуејќи му писмо и искажуејќи му ги своите мисли на писмен начин. Со писмен говор се служат луѓето и кога сакаат да ги сочуваат своите мисли во книги за идните поколенија.

## Реченица

Како зборуеме со други луѓе и им ги соопштуеме нашите мисли? Пр.: 1. *Стојан дојде на пошта и донесе едно писмо. Тој почука на пенџерето кај што се даваат препорачани писма. Чиновникот го праша што сака. Тој одговори дека сака да испрати препорачано писмо. Чиновникот го зеде писмото, го заведе во списокот, му удри печат и посака такса за писмото.* 2. *Охридското Езеро е бистро.*

Од дадените примери јасно се гледа дека ние ги искажуеме нашите мисли во одредени мислени целинки што се викаат *реченици*. Напр.: со јазичната целинка: *Стојан дојде на пошта*, е искажана една мисла, кажано е нешто за одењето на Стојана на пошта. *Охридското Езеро е бистро,* — кажано е нешто за Охридското Езеро.

Значи, кога кажуеме нешто за некого или некој предмет, ние искажуеме една мисла. Во граматиката секоја искажана или напишана завршена мисла се вика реченица.

*Задача:* Дајте неколку примери за одделни јазични целинки-реченици.

## Збор

Реченицата *Трајко учи* има два дела: *Трајко* и *учи*. Реченицата *Милка чита книга* има три дела: *Милка*, *чита* и *книга*.

Секој дел од реченицата што значи нешто засебно во нашите мисли се вика *збор*. Значи, реченицата е составена од помали делои: *зборои*.

## Слог

Како ја пееме песната: „Во борба, македонски народе?“ Вака: Во бор-ба ма-ке-дон-ски на-ро-де.

Кога сакаме да го изговориме зборот *народ*, колку пати е отворам устата? Сигурно двапати: *на-род*; при збо-

рот *ученик* трипати: *у-че-ник*; а при зборот *воденица* четири пати итн.

Зборовите можат да се делат на помали делои што се викаат слогои.

Слог е оној цел збор (напр. град) или дел од збор (Вар-дар), што се изговорує со едно отворање на устата. Слогот не може да биде без самогласка. Затоа практички: колку самогласки имаме во еден збор, толку и слогои. Така најлесно се познаваат слогоите. Зборовите можат да бидат составени од еден, два, три или повеќе слогои.

### Звук — глас

Сте слушале ли како читаат учениците во I одделение? Како ќе го прочитаат зборот: *село*? Сигурно вака: *с-е-л-о*.

Значи децата, што почнуат да читаат не изговоруат наеднаш цели слогои, ами га делат на уште по ситни делои. Ако например требе да го прочитат зборот *град*, прво изговоруат *г-р-а-д* па после кажуат *град*. Значи најмалите делои од еден збор што повеќе не може да се делат, се викаат *гласои*.

*Задача:* Поделите неколку зборои на слогои, а слогоите на гласои.

## Граматика

Јазикот го создал самиот човек како најпотребно во неговиот живот, средство за да се разбира со други луѓе. Јазикот е жив и се развива. Затоа, ако сакаат поколенијата да го познаваат арно, треба да го учат.

*Науката за јазикот што не учи како правилно да говориме и пишуеме на својот литературен јазик се вика Граматика.*

Зборот „грама“ значи на старогрчки буква или писмо.

Граматиката се дели на:

1. *Фонетика* или наука за гласоите;
2. *Етимологија* или наука за потеклото на зборовите;
3. *Морфологија* или наука за формите на зборовите;
4. *Синтакса* или наука за речениците;
5. *Ортографија* или правопис

## Азбука

Во македонскиот јазик има 31 глас, а секој глас или звук си има свој знак, што се вика *буква*. Буквите се знаци за обележуење на гласоите. Сите букви наредени по еден определен ред ја чинат нашата *азбука* (алфабет) или во латинскиот a, b, c, (абецеда). Во македонскиот книжевен јазик азбуката го има овој ред:

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ | И | Ј | К | Л | Љ | М |
| а | б | в | г | д | ѓ | е | ж | з | ѕ | и | ј | к | л | љ | м |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Н | Њ | О | П | Р | С | Т | Ќ | У | Ф | Х | Ц | Ч | Џ | Ш |
| н | њ | о | п | р | с | т | ќ | у | ф | х | ц | ч | џ | ш |

Секој глас од нашиот литературен јазик се обележуе со одделна буква.

Зошто е арно и практично да има азбуката определен број? Како ќе најдеме нешто во речник или енциклопедија, ако збороите не се наредени по азбучен ред.

*За карактерот на нашите букви: ќ, ѓ, њ, ј, ѕ, џ, р (слоговно).*

Ќ — со цртичката значи меко к, например во зборот куќа, леќа.

*Ѓ* — со цртичка значи меко г, например во зборот меѓа, веѓа.

*Љ* — полумеко л например: љубов, Љубен, Кољо.

*Њ* — полумеко н например: коњ, пишуење, свиња.

*Ј* — кратко и.

*Ѕ* — глас што го имаше уште во Кириловата азбука, од каде е и земен. Тој и денеска се слуша во нашите говори. Се добива кога ке се изговорат гласоите дз заедно.

*Џ* — Сложен глас, што се добива кога ќе се изговорат дж заедно.

*Р* — (слоговно) — има самогласничка функција. На пример: прво, црвен, прв, врвот итн.

Кога се најде слоговно *р* во почетокот на зборот, за да се означи призвукот што се јавуе, се употребуе пред *р* апостроф што го означуе тој призвук. Пр.: 'рж, 'рѓа, 'ркулец, 'ртам, 'ртење и др. Во средината на зборот слоговноста на *р* не се обележуе со апостроф. Пр.: дрво, црв, крвав итн.

Со апостроф се служиме за да го обележиме и темниот глас што се јавуе во некои турски и други туѓи зборои и диалектни форми. Пр.: к'смет, ф'стан или диалектно: п'но, в'на, В'чко и др.

## Разлика меѓу глас и буква

Гласоите се звукои што ги изговоруеме, а буквите се знакои со кои што ги бележиме гласоите. На пример: *а*, ако го изговориме, е глас, ако го напишеме со неговиот знак е буква.

## Старото македонско писмо и денешното

Нашите пращедовци од IX до половината на XIX век не пишуеле како ние. Најстарите богослужебни книги беа пишуени на кожа (пергамент) со две различни азбуки — *глаголица* — онаа што е сочинил св. Кирил по углед на грчкото брзописно писмо, и *кирилица* — азбука што е сочинил Климент по углед на грчкото уставно (унциално) писмо. Со овие азбуки се пишуеја сите книги во Русија, Србија и Бугарија. При препишуењето на црковните книги, препишуачите често внесуеле црти од својот роден јазик и говор. Тоа свесно или несвесно внесуење на разни јазични црти на препишуачи се вика редакција. Така имаме: српска, руска, бугарска, хрватска редакција. Но во почетокот на XVIII век рускиот цар Петар Велики заповеди да се поистанчат малку буквите на старата кирилица и да се поприближат до буквите на латиницата. Така од старата азбука *а* сега се пишуе како *а*, є се пишуе *е*, и сл. Така се јавуе таканаречената *граѓанска азбука*. Со неа почнале да се печатат сите нецрквени книги, а за црквените останала старата азбука, која што од тогај се вика *црквена* или *црквено-славјанска азбука*, што и денеска е по нашите цркви. Нашите верско-морални просветители Јоаким Крчовски и Кирил Пејчинович ги печатеа своите дела со црквена азбука. По време на засиленото грчко културно влиание почнало да се пишуе со грчки букви, но на народен јазик. Така во 1762 год. во Москополе (во денешна Албанија) даскалот аџи Данаил, по народност Цинцарин, го напишал прочуениот „Lexikon tetraglosson" (Четири-јазичен речник). Речникот е составен на овие четири јазика: грчки, македонски, ароманскн (цинцарски) и албански.

Со грчки букви беше напечатено во 1852 год. во Солун евангелието од Македонецот од Воденско Кирил Дражилович. „Зборникот“ на народни песни на Миладиновци бил напишан со грчки букви, а по советот на Штросмајер препишан на кирилски.

# ФОНЕТИКА

**(Наука за гласоите)**

## Делба на гласоите

Сите гласои од нашата азбука ги делиме на самогласки (вокали) и согласки (консонанти). Самогласките се гласои што можат и сами да образуат слог. Согласките се гласои што се изговоруат само со самогласките и не можат да образуат слог.

Самогласки се: *а, е, и, о, у* и *р* (слоговно), согласки се сите други гласои од нашата азбука.

Од согласките се одделуат како гласои што по своите особини стоат насреде меѓу самогласките и согласките и се викаат *сонанти* следните: *ј, л, љ, м, н, њ* и *в*.

## Говорни органи

При изговоруењето на гласоите земаат участие овие органи: белите џигери, душникот (грчмак), гркланот, гласилките (гласни жици), устата со своите делои, јазикот, забите, непцата, ресичката, усните и носот.

## Како се образуат гласоите

При издишуењето белите џигери се стегаат и го исфрлуат воздухот. Воздухот излегуе преку душникот, грлото и устата надвор. Во горниот дел на душникот под „Адамовото јаболко“ се најдуат две набрани кожички — гласилки. Тие од воздухот затреперуат и од нивното треперење се образуе глас, кој што во устата добива полно оформуење како таков. Но може да постане глас и без треперење на гласилките, само со органите во устата, но тој ќе биде незвучен.




Артикулација на самогласките

## Артикулација и делба на самогласките

Како што се спомена и порано, гласоите се образуат со помошта на воздушната струја што се исфрлуе од белите џигери, удира во гласилките, тие затреперуат и од нивното треперење потаки во устата се оформуе оној глас кој што сакаме да го изговориме.

Сите гласои не се изговоруат на еден начин, ниіи при сите нив говорните органи еднакво артикулираат. Така на пример подруго се изговоруат самогласките, а подруго согласките. При изговорот на самогласките воздушната струја мине низ усната празнина без да биде спречена. Значи, таа слободно тече не најдуејки препреки. При изговорот на согласките воздушната струја најдуе на пречки, така да треба да се пробива триејки се низ теснини или пак ја раскинуе преградата што и стои на пат. Затоа при изговорот на согласките се чуе шушкање или мала експлозија.

Во нашиот јазик, како што се рече и порано, има пет самогласки: *а*, *е*, *и*, *о*, *у*. Тие не се образуат на едно место во усната празнина, но на различни. Самогласките *е*, *и* се образуат во предниот дел на усната празнина, и при тоа предниот дел на јазикот се дига кон непцето, па затоа ги викаме *предно-усни*. Самогласките *а*, *о*, *у*, се образуат во задниот дел на усната празнина при кое што јазикот се дига кон задниот дел на непцето, и затоа се викаат *задно-усни*.

Самогласките уште се делат по тон на *високи* (*е*, *и*), *средни* (*а*), *ниски* (*о*, *у*). Височината на самогласките зависи од брзината со која што трепераат гласилките и од бројот на треперењата на воздушните честици во една секунда (од должината на воздушните таласи). При поголем број треперења (*е*, *и*) воздушните таласи се покуси, а гласот е повисок по тон. При *о*, *у* бројот на треперењата е помал и затоа се ниски, а при *а* бројот е среден меѓу високите и ниските.

## Делба на согласките

Согласките се делат по звучност, по местото на образуењето и по начинот на образуењето.

## Делба на согласките по звучност

По звучност согласките се делат на звучни и незвучни. Звучни или јасни се оние согласки при образуењето на кои што треперат гласилките, а незвучни при кои што тие не треперат. Многу од согласките си се редат по звучност во чифтои; звучните си имаат свои незвучни што им одговараат и со кои што се дополнуат и заместуат.

Звучни се: *б, в, г, д, ж, з, ѕ, џ.*

Незвучни се: *п, ф, ќ, т, ш, с, ц, ч, х.*

Скоро на секоја звучна ѝ одговара по една незвучна, само *х* нема свој чифт.

Во нашиот литературен јазик ги имаме овие правила за изедначуење по звучност:

1. Секоја звучна согласка, кога ќе се најде пред незвучна преминуе во незвучна, со која што таа оди во чифт. Пр.: леб-лепче, ѕид-ѕитче, тежок-тешка и сл,

2. Секоја незвучна согласка, кога ќе се најде пред звучна, ќе премине во звучна. Пр.: сват-свадба, гостин-гостба-гозба и сл.

3. Секоја звучна согласка кога ќе се најде на крајот од зборот се пишуе како таква, но се изговоруе како незвучна. На пр.: *снег*, а се слуша како *снеќ*; *леб* се пише со *б* на крајот, а се слуша *б* како *п*.

4. Согласките *з* и *с* кога ќе се најдат пред *ч* се слушаат како *ш*. Пр.: *счеличам* се слуша како *шчеличам*, но се пише *счеличам*; разчешлам, се слуша како рашчешлам, а се пише расчешлам (з = с).

## Ограничениіа од правилата за едначење по звучиост

1. *В* пред незвучна согласка се слуша како *ф*, но се пишуе *в*. Пр.: *овца* се слуша како *офца* но се пишуе *овца*, *тревка* се слуша како *трефка* а се пишуе *тревка* и сл.

2. Пред наставките *-ски -ство* не се означуе промената на звучноста. Пр.: *судски* — не *сутски*, *охридски* — не *охритски* и сл.

3. Пред членот *та* од женски род не се обележуе промената кај именките од типот: *челадта* (не *челатта*) *'ржта* (не *'ршта*).

## Редукција на согласките поради едначењето

Кога ќе се најдат во еден збор две разнородни по звучност согласки, се врши едначење по звучност, а често едната од согласките испаѓа. Напр.: *безсмртен* се пишуе *бесмртен, изстинам-истинам, разширам-раширам* итн. Значи во тие случаи прво имаме, едначење по звучност, па поради полесен изговор на согласките што ќе се најдат една до друга една од нив испаѓа. Тоа испаѓање се вика редукција: *разширам-расширам-рашширам-раширам.*

Редукцијата не се врши во некои сложени зборои што се составени од предлог и некој друг збор, ако значењето на предлогот се потцртуе во така добиениот сложен збор. Пр.: *се раззеленило* (предлогот *раз* го пази своето значење); наддавам, оттука, одделам итн.

Кога ќе се најдат пред *ч* гласовите *с, з, ш, ж,* во имиња што значат нешто младо и убаво преминуат во *в.* Пр.: *гуска-гувче (гусче), маска-мавче (масче), појас-појавче* (појасче и сл.)

## Делба на согласките по начинот на образуењето

Согласките можат да се образуат со преграда или теснина во усната празнина што ја прави јазикот или усните. Според тоа дали при изговорот на согласките се прави полна пречка на воздушната струја што иде од џигерите или само останує тесен простор преку кој што струјата тешко минуе, согласките се викаат во првиот случај *експлозивни* или *избувни (б, п, д, т, г, k,)* а другите *фрикативни* или *прострујни (с, з, ш, ж.)*

## Делба на согласките по местото на образуњето

Според местото каде што се образуат согласките и органите што учествуат при изговорот, согласките се делат на:

1. Заднонепчени (веларни): *г, k, х.*
2. Забни (дентални): *д, т, з, с ц, ѕ, (н).*
3. Уснени (лабиални): *б, п, в, ф, (м).*
4. Јазични (ликвидни): *л, р.*
5. Непчени (палатални): ѓ, ќ, *њ, ј, ч, џ, ж, ш.*
6. Носни (назални): *н, м.*

Согласките *ѕ, ц, ч, џ,* се сложени согласки и се викаат африкати. *Ѕ = дз, ц = тс, ч = тш, џ = дж.*

# Артикулација на согласките

## Артикулација на заднонепчените согласки

Заднонепчените согласки се образуат во задниот дел на непцето. При *k* и *г* јазикот се крева со задниот дел кон мекото непце и прави преграда. Разлика меѓу *k* и *г* при нивната артикулација е во тоа дека при *г* трепераt гласилките, а при *k* не трепераt.

## Артикулација на забните согласки

Местото на изговорот на сите забни согласки се забите, од каде им иде името. Предниот дел од јазикот опира во горните или долните предни заби или нивните жлебиња. При *т* и *д* се образуе преграда, а при *з* и *с* теснина. Разликата меѓу *т* и *д* е во тоа дека првото е безвучно а второто звучно. Истото е и при *с*, *з*. При *с*, *з* и *ц* се слуша пискав шум; оттаму тие се викаат уште *пискотни (сибиланти)* согласки.

## Артикулација на усчените согласки

Усчените согласки се образуат со усните. При *п* и *б* усните праваt полна преграда, а разликата меѓу нив е во звучноста. Експлозијата при обете е голема.

При *м* усните праваt преграда, но струјата преминуе и низ носните празнинки, од каде таа согласка се и вика носна. Согласките *п*, *б* и *м* се викаат уште и *двоусненици (билабиални)*, а *в* и *ф* се само лабиални или *забноуснени (лабиодентални)*.

## Артикулација на јазичните согласки

Јазичните согласки се образуат со врвот од јазикот кој што се приближуе при коритцето и трепери со врвот. Гласот може да се продолжуе — тече. Оттаму се викаат течни (ликвидни).

## Артикулација на непчените согласки

Овие согласки се образуат така да предниот дел на јазикот се навалуе на предното непце или тврдото, од каде се викаат непчени. При изговорот на согласките *ж*, *ш*, *ј*, јазикот е многу приближен до предното непце, но не прави преграда. Тие се прострујни (спиранти)! А *ч* и *џ* се сложени гласои (африкати) од: *тш*, *дж*.

# Некои правописни правила

## Пишуење на големи букви

1. Секоја реченица, одделен израз и секое започнуење на пишуење се почнуе со голема буква. Пр.: *Сонцето грее; напред!*

2. Лични имиња, презимиња, прекори и нивните разни составни делови се започнуат со голема буква. Пр.: *Трајко Марковски; Стојан Петровски — Џоцето* итн.

3. Географски имиња. Пр.: *Скопје, Европа, Вардар, Македонија.* Ако името е составено од два или повеќе збора, тогаш двата збора се пишуат со голема буква. Пр.: *Охридско Езеро, Црна Река, Крива Паланка, Селечка Планина* и др.

4. Имиња на народи и племиња. Пр.: *Македонец, Русин, Влав, Индијанец* и др.

5. Имиња на празници (национални или верски) Пр.: *Илинден, св. Никола, Први Мај (!)*

6. Имиња на ѕвезди, животни (ако имаат сопствени имиња), богови. Пр.: *Деница, Зевс, Шарко, Белка* и сл.

7. Присвојни придавки на *-ов, -ев, -ина,* ако се направени од лични имиња се пишуат со голема почетна буква. Пр.: *Павлова куќа, Славев саат, Надина, Благина* и сл.

8. Имиња на надлештво, претпријатија, заведенија, книги, весници, улици, плоштади, административни единици, друштва, списанија, отели, фирми, натписи и сл. се пишуат, со почетна голема буква. Ако тие имиња се составени од два или повеќе збора, само првиот збор се пишуе со почетна голема буква. Пр: *Министерство на просветата, Фабрика за цигари — Скопје, Младински дом, Бели мугри, Политика, Илинденска улица, Македонка, Бистра* и сл.

Ако место целото име се употреби само еден збор т. е. името се скратуе, тогај тој збор треба да се пишуе со голема почетна буква. Пр: *Поштата, место Скопската пошта,* и сл.

9. Имиња на револуции, востанија, војни и мирови се пишуат со голема буква. Пр: *Францускста револуција, Илин-*

*денскоту востание, Втората светска војна, Лондонскиот мир* итн.

10. Заменката *вие* употребена почитно се пишуе со голема буква. Исто така имињата *другар* и *господин* во молби и почетно обраќање се пишуат со голема буква. Пр.: *Другар Директоре, Господин Министре* и сл.

## Пишуење на мали букви

1. Сите придавки на *-ски, -шки, -чки,* направени од разни имиња се пишуат со мала буква. Пр.: *скопски, велешки, поречки* и сл.

2. Имиња на дните, месеците, годишните времиња се пишуат со почетна мала буква. Пр.: *вторник, април, пролет.*

3. Имиња што значат професија или титла, а стоат до сопствени да ги поблиско одредат и дополнат се пишуат со почетна мала буква. Пр.: *поп Цветко, Осман-бег, папа Климент* и сл.

4. Верски, политички, друштвени, литературни и сл. движенија се пишуат со почетна мала буква. Пр.: *мухамеданство, панславизам, комунизам, реализам* и сл.

5. Учебните предмети исто така се пишуат со почетна мала буква. Пр.: *историја, физика* и сл.

## Делба на зборовите на слогои

Како што се рече и порано, самогласки образуат слог, а согласките одат со нив заедно. Како често при пишуењето ни се наложуе да знаеме каде се свршуе слогот, нужно е да се дадат извесни правила за границата на слогоите.

1. Согласките прават слог со самогласката што иде по нив. Пр.: *мо-ти-ка, во-де-ни-ца,* и сл.

2. Група од согласки во почетокот на зборот одат во слог со самогласката што е зад нив. Пр.: *сло-бо-да, стра-на, пла-ни-на* и сл.

3. Самогласката може да чини и сама слог. Пр.: *и-ме, о-ко, на-о-па-ку* и сл.

4. Согласка или согласки на крајот на зборот одат во слог со самогласката пред нив. Пр.: *ра-дост, мла-дост,* и сл.

5. Ако се најдат две согласки, од кои што првата е една од овие: *с, з, ш, ж,* тогаш и двата заедно со самогласката зад нив образуат слог. Пр.: *Те-сто, бра-зда, бра-шно, ну-жно* и сл.

*Забелешка.* Исклучение од ова правило имаме кога зад споменатите согласки иде *ј*. Пр.: *плас-је, гроз-је* и сл.

6. Ако се најдат две согласки, од кои што втората е една од овие: *л, р, в,* тогаш тие заедно со самогласката зад нив образуат слог. Пр.: *по-кла-ди, мо-дро, ти-ква,* и сл.

*Забелешка.* Исклучение од ова правило имаме кога се најдат две согласки од истиот вид, споменати во горното правило. Пр.: *ор-ле, ал-ва, гар-ван, лав-ра,* и сл.

7. Сите други групи од согласки се разделуат. Пр.: *вик-нам, кај-си-ја, ман-ца,* и сл.

8. Во сложените зборои, ако се познае границата на збороите од кои што е составен сложениот збор, прво зборот се дели на составните свои делои па после секој од составните делои се дели на слогои по општите правила. Но ако границата на збороите што го составуат сложениот збор не е јасна, тогај зборот се дели на слогои по општите правила Пр.: *ра-зум, и-се-чам,* и сл.

*Задача.* На стр......во читанката поделете го текстот на слогои до......

## Акцент

Изговорете гласно: *Планината е висока. Имаме убава слаткарница. Слаткарницата е полна со луѓе. Воденицата меле жито.*

Во горните примери сите слогои од збороите не се изговоруат со еднаква гласовна сила. Едни од нив се изговараат со поголема гласовна сила т.е. со поголемо удирање со гласот на нив. Напр.: во зборот *воденица,* слогот *-де-* се изговоруе со поголем удар на гласот. Такви слогои каде што гласот посилно удира се викаат *акцентирани,* а другите *неакцентирани.* Акцентирањето на еден слог во зборот се обележуе, ако има за тоа нужда, со особен знак (') и тој знак стои над самогласката од тој слог и се вика *акцент.*

Акцентот во нашиот литературен јазик е секогаш на третиот слог од зборот броејќи ги слогоите од назад накај почетокот (оддесно на лево). Ако зборот е двосложен

акцентот паѓа на вториот слог од крајот. Пр.: *во́да, пи́смо ре́ка, се́ло,* и сл. Но штом зборот стане трисложен или од, повеќе слога акцентот ќе падне на третиот слог од крајот на зборот. Пр.: *де́те-де́чиња-дечи́њата; во́да-во́дата; воде́ница-водени́цата* и сл. Воопште кога се уголемуе зборот за еден, два или повеќе слога со додавање на разни наставки, акцентот се менуе, т.е. тој секојпат иде на третиот слог открај. Пр.: *воде́ница-водени́чарка-воденича́рката, сла́ткар-слатка́рница-слаткарни́цата.*

Значи, акцентот во нашиот литературен јазик е трисложен.

*Забелешка.* Оваа трисложна акцентска система не важи за туѓите зборои, кои што во нашиот јазик се чувствуат како такви. Туѓите зборои имаат обично акцентуација таква каква е во јазикот од кој што се земени или така како што се уобичаило веќе кај нас. Пр.: *клише́* (а не *кли́ше), пома́да, биро́, реноме́, мемора́ндум, досие́, комунике́, гимна́зија-гимнази́јата, коми́сија-комиси́јата* итн.

*Задача.* Акцентујте го текстот на стр.... во читанката.

## Јагленарот и мечката

**(Пример за упражнение во акцентот)**

Си би́л еден ја́гленар и жи́веел в пла́нина. Еден де́н до́шла ка́ј него една ме́чка што си ја набо́дила но́гата на гло́гов тр́н. Но́гата на ме́чката ѝ би́ла гнојо́сана од тр́нот. Кога до́шла кај јагле́нарот, по́чнала да ја кре́ва болната́ нога како да са́ка да му ка́же ја бо́ли но́гата и го мо́ли да ѝ по́могне. Јагле́нарот ра́збрал што́ сака ме́чката, се при́близкил до́ неа и ѝ го и́звадил тр́нот. На ме́чката ѝ поми́нала но́гата. О́ттога се спријате́лиле јагле́нарот и ме́чката и живе́еле за́едно.

Една но́ќ, како што спи́еле ме́чката и јагле́нарот за́едно, јагле́нарот ќе и ре́че на ме́чката: „Их, мори ме́цо, ко́лку ти смр́ди здивот“. Ме́чката ни́што не му одгово́рила, ту́ку му ре́кла: „Зе́ми ја се́га секи́рана и у́дри ме си́лно по́ глава. А́ко не го́ сториш то́а, ќе те и́зедам“. Јагле́нарот не́мал што да́ прави и го сто́рил о́на што му ре́кла ме́чката. На гла́вата на ме́чката ѝ на́правил го́лема ре́занка. По́сле, ме́чката си о́тишла и не се вра́тила за до́лго вре́ме кај јагле́нарот.

Поми́нале мно́гу го́дини. Еден де́н се сре́ле па́к ме́чката и јагле́нарот. То́гај ме́чката го нате́рала јагле́нарот да ви́ди по гла́вата дали се по́знава не́каква тра́га од секи́рата. Јагле́нарот по́гледал и ре́кол дека ни́што не се по́знава. А ме́чката ќе му ре́че то́гај: „Е́те, ви́диш, секи́рата тра́га не о́стави; ами што ми ре́че дека ми смрди здивот, у́ште го ду́мам". То́гај ско́кна и го и́зеде јагле́нарот.

Народна прикаска

## Енклитики и проклитики

Во нашиот јазик има доста, повеќе едносложни, зборои што немаат свој акцент. Тие зборои се навалуат по акцент на зборот што е пред нив или зад нив во реченицата и со него чинат акцентска целост. Ако се навалуат по акцент на зборот што е пред нив, се викаат *енклитики: зе́ми ја, у́дри ме* и сл. Такви се краткуте и неакцентираните облици од личните заменки и помошниот глагол *сум.*

Ако неакцентираните зборои се навалуат по акцент на зборот што е зад нив, се викаат *проклитики.* Пр.: *го у́дрив, се сто́ри, ќе дојде* итн.

Такви се некои предлози, сврзници, прилогот *не,* помошниот глагол *ќе,* па и некој заменки во кратка форма, кога ќе дојдат пред зборот на кој што се акцентски навалуат. Многу пати акцентот може да мине од зборот на проклитиката. Пр.: Удри ме силно *по́ глава;* Еден ден дошла *ка́ј него* мечката; и сл.

---

# ЕТИМОЛОГИЈА

**(Наука за потеклото и образуењето на збороите)**

Како се јавиле првите зборои кај човекот?

Првите зборои се родиле во врска со подражавањето на природните звукои или со извиците за радост, болка, желба, изненадуење и сл. Тоа станало во многу старо време, кога човекот живеел во пештерите и се боел од ѕверските и природните појави и сили. Првите зборои биле кратки, еднословни. После луѓето сами почнале да прават зборои врзуејќи ги за значењето на разни предмети.

Денеска знаеме дека и некои птици можат да научат да изговоруат по некој збор. Но нивните зборои се само подражавање на нашите, без да се врзуе со значењето, бидејќи за тоа е потребно разум, а тоа тие го немаат. Тие не можат да делат збор од збор и реченици од реченици, со определена смисла, што човекот може, бидејќи располага со разум.

## Општ дел на зборот

Кој дел се повторуе во овие зборои: ѕид, ѕидосан, ѕитче, ѕидарот, изѕидан, ѕидан, ѕидарство, ѕидаријата, ѕидањето? Сигурно делот *ѕид*.

Оној дел во зборот што се повторуе во повеќе зборои со слично значење и што е носител на тоа значење се вика *општ дел*. Од општиот дел се прават нови зборои со додавање на делои зад него или пред него. Новообразуените зборои значат нешто во врска со општиот дел.

Делоите што се додаваат зад општиот дел на зборот се викаат *суфикси (наставки)*. Пр.: *ѕит*-**че**, *ѕид*-**ар**, *ѕид*-**ање**, *ѕид*-**ен** и сл.

Делоите што се додаваат пред општиот дел се викаат *префикси (претставки)*. Пр.: *из-ѕидан*, *под-ѕидан* и сл. За префикси служат предлозите.

## Изведени и неизведени зборои

1. *ѕид*, *ѕид-ање*, *ѕид-ар*, *ѕид-ен*, *ѕид-арство* и сл.
2. *из-ѕидан*, *из-ѕид-ал*, *под-ѕид-ан* и сл.
3. *ум*, *век*, *ѕид*, *бел*, *нос*, *ѕвер*, *заб* и сл.

Ако ги упоредиме зборовите под точка 1, 2 и 3 по нивниот состав, ќе видиме дека зборовите под 1 се изведени од општиот дел *ѕид* со суфикси; зборовите под 2 се изведени со префикси.

Зборои што се направени од општиот дел со суфикс или префикс се викаат *изведени*.

Зборовите под 3 не можат да се изводат од никој друг збор. Такви зборои се викаат *неизведени* или *прости*.

*Задача:* Најдете ги изведените зборои од овие општи делои: *заб*, *град*, *млад*, *коњ* и *роб*.

# Продуктивни суфикси за образуење на именки

## I

### Суфикси што обележуат име на работа или кажуат некое занимање

1. *-ач: јад-ач, купу-ач, ков-ач, пит-ач, број-ач* и сл.

2. *-чка* (име на работничка, дејствие или резултат од дејствие) *перачка, питачка, наврзуачка, вадачка, јадачка* и сл.

3. *-ар* (многу продуктивен): *дрвар, колар, воловар*, и сл.

4. *-ник*: *чиновник, работник, пратеник* итн.

5. *-ец: борец, страшливец, страдалец, гаталец* и сл.

6. *-џија* (многу продуктивен турски суфикс): *ловџија, казанџија, бојаџија.*

## II

### Суфикси со кои што се образуат именки што значат средство или алат

1. *-ло* (многу продуктивен): *белило, сукало, купувало, брдило, сечило, грибло* и сл.

2. *-алка*: *мешалка, сушалка, врзалка* и сл.

## III

### Суфикси за именки што значат лице или предмет со извесна особина

1. За лице: *свршеник, мрза, шушлак, маалец,* (од нашето маало) и сл.

2. Име на предмет: *копанка, зелник, буковица, чамовица* (штица), *дреновица* и сл.

## IV

### Суфикси за именки што значат глаголско дејствие или резултатот негов

1. *-ење, -уење: крпење, пеење, зборуење, кажуење* и сл.

2. *-ање: гледање, давање, дување* и сл.

3. *-ок: напредок, напрсток* и сл.

4. *-ка*: *грешка, дремка* и сл.

5. *-чка: пијачка, пукнуачка, насладуачка* и сл.

6. *-ница: трчаница, брканица, викотница, мешаница* и сл. Многу од овој вид зборои преминуат во прилози и така се употребуат.

7. *-еж: бодеж, топеж, гоадеж* и сл.

## V

### Апстрактни именки

1. *-ота: гревота, срамота, белота, чистота* и сл.
2. *-ина: правина, кривина, горчина* и сл.
3. *-ба: молба, жалба, свадба* и сл.

## VI

### Суфикси за образуење на збирни именки

1. *-ње, ња: камење, камења, корење* и сл.
2. *-је, -ја: колје, снопје, лисја, дрвја* и сл.

## VII

### Деминутиви

*Нашето гратче е убаво. Немам ни една овчичка ни нивичка. Тој е душичка.*

Именките *гратче, овчичка, нивичка, душичка* покажуат нешто мало или убаво или употребено нагалено. Такви зборои се викаат *деминутиви* (смаленки).

Тие зборои можат да бидат од машки, женски и среден род.

### Суфикси со кои се образуат деминутивите

1. Машки род: *-ец, -ок: дождец, народец, гравчок, тутунчок* и сл.
2. Женски род: *-ица: водица, тревица, алвица* и сл.
   *-ичка: тревичка, душичка* и сл.
   *-ца: мавца, лојца* и сл.
3. Среден род: *-че: столче, цигерче, мајмунче* и сл.
   *-е: сокле, петле, прле* и сл.
   *-це: брашенце, житце, окце* и сл.

## VIII

### Аугментативи

Пр.: *Таму има едно бунариште; тој е човечиште; видов едно коњиште.*

Збороите *бунариште, човечиште, коњиште* значат нешто големо или грдо и се викат *аугментативи* (уголеменки).

Суфикси со кои што се прават аугментативи се: *-иште, -ина, -отија*. Пр.: *главиште, куќиште, збиритина, срамотија, стравотија* и сл.

*Задача.* Во читанката стр. . . најдете ги деминутивите и аугментативите.

## Суфикси за образуење на придавки

I

### Описни придавки:

*-лив, -лива: смешлив, страшлив, зборлив* и сл.
*-ав, -ава: блуткав, крастав* и сл.
*-ен, -ена: страшен-страшна, шарен-шарена* и сл.
*-вит, -вита: гласовит, вековит, лековит* и сл.
*-лест -леста: зборлест, тркалест* и сл.
*-ок, ка: кревок, тежок, жежок* и сл.

II

### Присвојни придавки

*-ски, -ска: еснафски, битолски* и сл.
*-шки: велешки* и сл.
*-чки: дабнички, поречки* и сл.
*-ов, -ев: Петров, Василев* и сл.
*-ин: сестрин, мајчин, мариин* и сл.

III

### Материални придавки

*-ен: земјен, железен* и сл.

*Задача.* Во читанката стр. . . . најдете ги суфиксите за образуење на придавки.

## Прости и сложени зборои

Како се направени зборовите: *гологлав, најмногу, сончоглед?* Колку општи делои разликуат тие? Јасно е дека во тие примери имаме по два општи дела од кои што е составен [illegible]). Такви зборои за кои што може да се

утврди дека се составени од општи делои на други зборои се викаат *сложени зборои или сложенки.* Сите други зборои за кои што не може да се утврди дека се составени од други зборои се викаат *прости.* Значи, простите зборои разликуат само еден општ дел а сложените обично два општи делои.

## Делба на сложените зборои

Сложените зборои можат да бидат наполно сложени (срастени) или неполно сложени (приближени). Пр.: *голобрад, стоногалка, сончоглед,* и сл. се наполно срастени сложенки. Збороите пак: *Шар Планина, Осман бег, поп Марко, Демир Капија* и сл. се не наполно сложени.

---

# МОРФОЛОГИЈА

**(Наука за формите)**

## Видои на збороите

Има 9 вида зборои: именки, придавки, заменки, броеви, глаголи, предлози, прилози, сврзници и извици.

## Менливи и неменливи зборои

Збороите се делат на менливи и неменливи. *Менливи* се: именките, заменките придавките, броевите и глаголите. Прилозите, предлозите, сврзниците и извиците се *неменливи* зборои.

## Менливи зборои

Менливи зборои се викаат оние зборои што се менуат по род, број, падеж (именките, заменките, придавките и редните броеви) или се менуат по лице, број, време и начин (глаголите). Нивната форма во реченицата, според службата што ја имаат се менуе и зема различни завршоци. Неменливи се сите оние зборои на кои што формата им останue секој пат иста.

## Број

**(еднина и множина)**

Менливите зборои разликуат еднина и множина. Едни-ната и множината со еден збор се вика *број*. Во еднина е именката ако таа значи само едно од тој предмет или она што значи таа. Ако пак именката значи многу единки што ги има таа во своето значење, тогај именката е употребена во множина.

## Именки

Именките се менливи зборои што покажуат имиња на лица, предмети, растенија, животини, нешто што можеме да си го преставиме како име, т. е. се она што можеме да си го преставиме ко предмет во нашето мислење. Тие се делат на конкретни и мислени. Конкретни именки се викаат оние именки што покажуат име на нешто што може да се види или што е пристапно на нашите сетива. Пр.: ѕид, заб, вол, и сл.; мислени се оние именки што значат нешто што само можеме да си го преставиме мислено, без да сме го виделе. Пр.: радост, тага, милост, слобода и сл.

Конкретните именки се делат на: *сопствени*, *општи*, *збирни* и *материални*. Сопствените именки покажуат сопствено име на некое лице, географско име и сл. Пр.: Никола, Битола, Вардар, Мало Којнаре, Охридско Езеро и сл. Тие немаат множина. Но меѓу овие имиња има и такви имиња што се употребуат само во множина. Пр.: Кавадарци, Кочани, 'Рлевци и сл.

*Општите* значат имиња на еднородни, еднакви предмети, имиња на лица или животини што се од иста заедница или вид. Пр.: човек, даб, книга, нива.

*Збирните именки* покажуат имиња на многу предмети, лица или животини во куп. Пр.: челад, камење, снопје и сл.

*Материални именки* значат име на некаква материја за градење или јадење и сл. Пр.: *злато*, *железо*, *вода*, *шекер* и сл. По правило, тие именки немаат множина. Но ако таква именка се употреби во множина, тогаш таа значи само различни видои од истата материја. Пр.: Таму имаше разни вина (црвено, црно, бело и сл.) *Лековити води* значи разни видои минерални води што можат да лекуат.

## Граматички и природен род кај именките

Пр.: *Човекот дојде; жената дојде со ќерка си; детето плаче; ја отепавме змијата; судијата е тука; нивата е посеана; му течеше пот по челото; прав се дигна.*

Од горните примери се гледа дека именките свршуат на разни завршоци. Едни свршуат на согласка, други на самогласка. Именките од машки род најчесто завршуат на согласка. Пр.: *маж, коњ, пес* и сл. Именките од женски род најчесто завршуат на *а: жена, мајка, сестра* итн. Именките од среден род имаат завршоци *о, -е: село, писмо, дете, поле.* Тој род што го добиваат именките според својот завршок се вика *граматички род.* Практично родот се определуе кога се земе зборот *тој, таа, тоа, тие* и се праша со нив, врзуејќи ги со именката на која што и се определуе родот.

Понекојпат именките си го задржуат оној род што го имаат по својата природа, без да се обѕираат на тоа дали под својот завршок треба да бидат од оној род во кој род спаѓа завршокот. Значи може едно име да свршуе на *а* (граматички женски род), а да биде од машки род, та да има свој род спрема својата природа. Напр.: *владика, судија* и сл. именки се од граматичен женски род, но инаку се по природа од машки род. Таков род што го добиваат од именките по својата природа се вика *природен род.* Понекојпат е нужно во јазикот да се води сметка и за двата рода.

Има именки што се употребуат во машки и женски род. Пр.: *песокот* и *песокта, лојот* и *лојта, потот* и *потта, жарот* и *жарта, животот* и *животта* и сл.

*Забелешка.* Туѓите зборои се определуат по род според нивниот завршок. Пр.: *ниво* ке биде од среден род како *село*, и ако е во јазикот од каде што е земено од машки род; *кино, радио* и сл. ке бидат од среден род итн. збороите пак *адреса, метод (метода)* и сл. се од оној род на каков што завршок завршуат.

## Примери за упражнение

### Копачите

Се к'ти нокта црна!
Се рути карпа-мрак!
И петли в село пеат,
и зората се зори. —
Над карпа в крв се мие
И темнината пие
силно
светнал
ден.

Пробудете се морни
копачки и копачи —
на трудот
црн
народ!

Со мотика на рамо,
за корка сува леб,
по патиштата стрмни,
по полињата рамни,
у вивналиот ден, —
да тргнеме и ние
страдалници од век!

К. Рацин

*Задача.* Најдете ги именките и одредете ги какви се

## Деклинација

Примери: *Андон иде од чаршија. Го видов Андона. Андоне, почекај малку. Син ми е ученик. Сина ми го пратив на училиште. Сине дојди. Синои ми се ученици. Една жена дојде. Жени и мажи дојдоа. Целото село дојде на оро. И околните села дојдоа.*

Што забележуете во формата на именките: Андон, син, жена, село? Какви се односите на предметите што ги значат именките во наведените реченици. Како се викаат различните нивни односи? Тие различни односи што ги покажуат имињата со помошта на своите завршоци или со предлозите или со своето место во реченицата се викаат *падежи*. Менуењето пак на имињата по падежи се вика, *деклинација*.

Нашиот јазик ја упростил својата деклинација. Тој порано имал падежи како и некои славјански јазици, но

денеска тој ги загубил скоро сите или е пак во процесот на нивното губење. Во своето развивање нашиот јазик стасал дотаму да ги замени падежните форми со нов начин на искажуење на падежните односи. Денеска во нашиот јазик тие односи се искажуат со предлог и именки. Јазици што ги искажуат така падежните односи се викаат аналитички.

Во нашиот јазик можеме да разликуеме во најарен случај до три падежа: *номинатив, акузатив и вокатив* (кај именките и тоа само во еднина), или *номинатив, датив и акузатив* (кај личните заменки). Изгубените падежи сега се предаваат со помошта на некој предлог: *од, на, за, со* и др. и општата именска форма.

## Независни и зависни падежи

Пр.: *Син ми дојде. Сина си го видов. Од син ми зедов писмо. Со син ми дојдов.*

Падежните форми, ако се искажани само во завршоци, без помошта на предлозите, се викаат *независни*. Ако односите на предметите се искажани со помошта на предлози, такви падежи се викаат *зависни* падежи. Генитивот обично се искажуе со предлог *од* или *на* и именската форма: дативот со предлозите *кај, кон, при и именската форма;* инструменталот со предлогот *со и именската форма;* а локативот со предлозите *во, на, при и именската форма.*

Во нашиот јазик имаме остатоци од сега изгубените стари падежни форми, употребени без предлози. Пр.: *генитив: леба ми; инструментал: збогум, дење, ноќе, молкома, сосема* и сл.; локатив: *горе, долу, зиме, лете, натре* и сл. Сите тие стари падежни форми денеска имаат прилошко значење.

## Деклинација на именките од машки род

Пример:

1. *Гроздан* чита. *Гроздана* го видов. *Гроздане,* дојдиваму.

2. *Марко* пишуе. Го пратив *Марка* на вода. *Диме* дојде. *Димета* го виделе.

3. *Зет* ми отиде. *Зета ми* го пратиле на работа. *Зете (Зету),* донеси вода. *Зетои* ни се дојдени.

4. Има *леб*. *Леба* ми, е така. Лежи, *лебе*, да те јадам. Тамо има многу *лебои*.

5. Дошол *йой* в село. *Йойе*, дојди малку овдека.

6. *Илија* пишуе. Го видов *Илија*.

7. Тој е *војвода*. *Војводийе* дојдоа.

Ако ги погледаме именките *Гроздан*, *Марко*, *Диме*, *зеш*, *леб*, *Илија* и *војвода*, ќе видиме дека некои од нив имаат по две или три форми што се завршуат на разни завршоци. Тие разни нивни завршоци се викаат, како што рековме, падежи. Потаки ќе видиме дека сопствените именки од машки род што завршуат на согласка, значат име на лице (Гроздан), разликуат три падежи: номинатив, акузатив и вокатив.

| | |
|---|---|
| Номинатив: | *Гроздан* |
| Акузатив: | *Гроздана* |
| Вокатив: | *Гроздане* |

Именките од групата 1. можат во вокатив да гласат место *Сшојане*, *Гроздане*, и сл. и (еј) *Сшојан*, *Гроздан*, што значи дека вокативот се изедначил со номинативот. Осем тоа акузативот од тие именки *(Гроздана)* може да гласи и *Гроздан*.

Сопствените именки од машки род што свршуат на *о-*, *-е*, а значат име на лице *(Марко, Диме)*, разликуат само два падежа: номинатив и акузатив. Именките на *-е (Диме)* прават акузатив со додавање на *-ша (Диме -Димеша)*.

Именките од машки род што свршуат на согласка и значат родбинство или име на член од фамилијата: *браш*, *зеш*, *маж*, *син* и сл. разликуат во еднина три падежи: номинатив, акузатив и вокатив — кога се употребени без членска форма. Зад сите овие именки, во акузатив, бездруго следи енклитичната форма од личната заменка, со цел да ја одреди поблизу именката. Вака се менуат и именките: *човек*, *Бог* и *Госйод*.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| Номинатив: | *зеш* | |
| Акузатив: | *зеша* (ми, ти, ви) | *зешои* |
| Вокатив: | *зеше* или *зешу*. | |

И кај овие именки исто така се врши процес на упростуење, само што овде е тенденција да се изедначи

акузативот со номинативот. Така место: *Го видов зета ми, брата ми, сина ми* и сл., може да се рече: *Го видов зет ми, брат ми, син ми* и сл. Овие именки во множина имаат еден падеж.

Именките од машки род што се свршуат на *-о, -е, -а* значат име на член од фамилијата или роднина од фамилијата: *татко, вујко, дедо, чичо, тате* и сл. разликуат само во еднина два падежа: номинатив и акузатив. Оние именки што свршуат на *-е*, прават акузатив со додавање на *-та: чичета, татета* и сл. Множина од горните именки е *татковци, чичковци, чичевци.*

Именките од машки род што свршуат на согласка а значат занимање: *орач, овчар, воловар, поп* и сл. разликуат во еднина два падежа: номинатив и вокатив. Такви се и именките од машки род што значат име на животини: *пес, вол, коњ,* и сл. Некои од именките од овој тип имаат во вокатив, завршок *-е* и *-у: свате-свату; воле-волу; песе-песу* и сл. Множината правилно им свршуе на *-и.*

Од еднословните помал број образуе множина со наставка *-и* од еднинската форма: *прст-прсти, коњ-коњи, крст, крсти, крстои, пост-пости, волк-волци* и др. Повеќето од нив образуат множина со наставката *-ои, -ови, -еви, -еи: леб-лебои, лебови; вол-волои, волови; град-градои, градови; грош-грошеи, грошеви; цар-цареи, цареви* итн.; формите како *лебои* пообилни се во нашите западни говори, а лебови и сл. во источните. И двете форми се употребуат во литературниот јазик.

Именките од машки род што свршуат *-а, -ја,* а значат име на лице имаат само еден падеж, ако се сопствени: *Илија, Методија,* ако пак не се сопствени како на пр.: *војвода, слуга,* и сл. разликуат два падежа во еднина - номинатив и вокатив *(војвода, војводо)* и еден падеж за множина.

Со броевите, а особено *два,* се употребуе специална форма од именките на машки род, и таја форма свршуе на *-а.* Пр: *два коња, три коња; обата вола, обата коња; трите брата.* Таа форма е остаток од една промена на именките што сме ја имале во стариот јазик. Таа промена се викала *двоина,* и се употребуела најчесто со броевите.

## Смекнуење на заднонепчените к, г, х, во падежните форми од машки род

Уште во праславјанскиот јазик се извршиле овие промени на заднонепчените согласници *г*, *ќ*, *х*,

1. *г*, *ќ*, *х*, пред *е* во вокативот преминале во *ж*, *ч*, *ш*. Пр: *Бог-Боже*; *јунак-јуначе*; бидејќи да *х* се изгубило во нашиот јазик именките што свршуеле на *х* денеска немаат вокатив на *-е*. Таа промена можеме да ја следиме во деминутивите, каде што исто така *г*, *ќ*, *х*, пред *-е* минале во *ж*, *ч*, *ш*. Така имаме од *уво* - деминутив *уше* (станало од ухе).

2. *г*, *ќ*, *х*, пред *и* минале во *з*, *ц*, *с*. Пр: *бубрег-бубрези*; *волќ-волци*; *влав* (по старо *влах*) минало во *власи*. Во случаите *раце*, *нозе*, имаме промена на *ќ* и *г* пред *е* што не води потекло од нашето обично *е*, но од старото *ѣ* што во овие било падежен завршок.

### Правопис

1. Во наставките *-зам*: *ќомунизам*, *фашизам*, и сл. испаѓа *-а* во членуваната форма: *ќомунизмош*, *фашизмош*. Се пишуе *ценшар*, *мешар*, *Пешар* и сл., во членуваната форма: *ценшарош*, *мешарош*, но во множина: *ценшри*, *мешри* и сл.

2. Звучните согласки на крајот на зборот се пишуат како звучни а се изговоруат беззвучни: се пишуе *снег*, *леб*, *мраз* и сл. а се изговоруе *снеќ*, *леп*, *мрас*. Множина од тие именки е: *снегои-ови*, *лебои-ови*, *мразои-ови*.

3. Именките *сшрав*, *йрав*, *грав*, (од *сшрах* и сл.) се пишуат со *в* на крајот, и во множина го задржуат тоа *в*: *сшравои* и сл

## Деклинација на именките од женски род

Пр: 1. Една *жена* дојде. *Жено*, стави ја софрата да ручаме. *Жени* идат.

2. Зимска *ноќ* е долга. Зимските *ноќи* се долги и и студени.

Од завршоците на именките од женски род (*жена*) јасно се гледа дека тие именки разликуат во еднина два падежа: номинатив и вокатив. Вокативот свршуе на *-о* или *-е* (*жено*, *Марие*). Во множина имаат наставка *-и* (*жени*).

Именките од женски род што свршуат на согласки разликуат само еден падеж за еднина и еден за множина: *ноќ* *-ноќи.* Другите падежи кај именките од женски род се искажуат со предлог и формата на именките од женски род.

### Правописни правила кај именките од женски род

1. Меките ѓ, ќ во именките во женски род: *меѓа-меѓи*, *куќа-куќи* и сл. се пишуе безразлично дали тие се најдуат пред *е* или пред *и*.

2. Именките *Лилјана, Билјана, волја* и сл. се пишуат со *лј* а не со *љ*. Именките пак со општиот дел *љуб-*(*љубов*, и сл.) како именките од групата *Иљо, Кољо* и сл. се пишуат со *љ*.

3. Именките: *глава* и сл. се пишуат со *в* меѓу двете *а*, и ако во некои наши говори се слуша *глаа.*

4. Пред членот *-та* не се обележуе промената на звучноста: *челадта, заповедта* и сл.

5. Именките што свршуат на *-ст* се пишуат со *ст* и ако се слуша во народниот говор само *с*: *свест, радост* и сл. Кога ќе се употребат со член тие именки се пишуат: *свеста, радоста* и сл. Но: *пролетта, потта, смртта* и сл. (со двојно т).

## Деклинација на именките од среден род

Пр.: Вашето *село* е големо. Овие *села* се убави. *Море* е поголемо од *езеро*. *Морињата* и *езерата* се длабоки води. *Прасето* е гладно. *Прасињата* се дебели. *Детe* плаче. *Децата* плачат. Од горните именки: *село, море, прасе, дете*, се гледа дека именките од среден род свршуат на *-о -е*. Тие разликуат само еден падеж во еднина и еден падеж во множина. Во множина именките имаат завршок *-а*: село-села, писмо-писма и сл. а тие на *е*, завршок *-иња*: поле-полиња, море-морања итн. Завршокот *-иња* најчесто се употребуе кај именките што покажуат нешто мало, младо или убаво: (*Прасиња, кучиња*, но и *морња, полиња*). Именката *дете* за множина има збирната именка *деца* или пак *дечиња*. *Дечиња* се употребуе повеќе нагалено.

Од среден род се и глаголските именки: *одење, зборуење, бегање, трчање* и сл. Тие именки се употребуат многу ретко во множина. Кога се употребат во множина означуат разни

видои вршења на глаголското дејствие. Глаголските именки имаат завршок *-ње*, а не *не* или *-јне*, како што се слуша во некои наши говори.

Именките: *око*, *уво* имаат множина: *очи*, *уши*.

## Членот кај именките

Пр.: 1. *Човеков пишуе. Женава чека. Детево игра. Маживе, жениве и децава пеат.*

2. *Човекон пее. Женана врви по мостон. Детено седи. Мажине, женине и децана одат на работа.*

3. *Човекот се налутил. Жената си отишла. Детето се поболело. Мажите, жените и децата си отишле.*

Како што се гледа од горниве примери, именките *човек*, *жена*, *дете* се јавуат со завршоци: *-ов*, *-он*, *-от*; или *-ва*, *-на*, *-та*; или *-ве*, *-не*, *-те*. Тие разни завршоци се викаат *член*.

Во нашиот литературен јазик се употребуат три различни вида членои.

| Еднина | | | | Множина | |
|---|---|---|---|---|---|
| м. р. | ж. р. | ср. р. | р. зб. им. | м. и ж. род | с. р. |
| 1. -ов | -ва | -во | -во | -ве | -ва |
| 2. -он | -на | -но | -но | -не | -на |
| 3. -от | -та | -то | -то | -те | -та |

Членот води потекло од показната заменка што се употребуела зад именките да ги определи поблизу и да ги истакне. Заменката во текот на времето сраснала со именката. За тоа ни сведочат најстарите остатоци од таква употреба во народните песни и прикаски како и денешните такви форми што ги имаме во некои места (село Бобошчица крај Корча).

Тие остатоци се гледаат во овие изрази: *цару-тому*, *гробу-тому*; *човека-того*, *мажа-того*; *прво врагот јавнал влаха-того*, *по него влаот вјавнал врага-того*; *зету-тому*, *змеју-тому* и сл.

Именките (освен некои сопствени за лица и сл.) можат да се употребуат и со член. Членот во нашиот јазик внесуе различие, ги дополнуе и поарно ги определуе именките со кои што се употребуе. Секој од трите вида члена си има свое специално значење:

а) **Именката употребена со членот** *-ов, -ва, -во, -ве, -ва,* означуе предмет или лице што се најдуе близу до лицата што зборуат за него: *Волов ќе треба да го нараниме.* — Значи, волот се најдуе близу до оние што зборуат за него.

б) Членот *-он, -на, -но, -не, -на,* покажуе дека предметот или лицето за кое се зборуе е малку подалеку, но се гледа: *Човеќон врви по мостон.* — Значи, лицата го гледаат отподалеку она за кое што се зборуе.

в) Членот *-от, -та, -то, -те, -та,* покажуе дека именката употребена со него значи предмет или лице познато веќе на лицето што зборуе за него. Пр.: *Човекот* дојде, значи дека дошол човек што ти е од порано познат.

## Придавки

Пр.: *Кусо* прасе по рид пасе. *Бесна* кучка в гора лае. *Црвен* прч во пештера лежи. Саатот е *златен.* Масата е *дрвена.*

Што покажуат збороите *кусо, бесна, црвена?* Јасно е оти тие збори покажуат особина на некој предмет, животини или лице. По особината што ја искажуат ги делиме на·

а) *Описни:* црвен, бел, зелен и сл.

б) *Посвојни:* Петров, Миланов, селски и сл.

в) *Материални:* златен, дрвен и сл.

### Род, број и член на придавките

Придавките разликуат три рода. Во еднина имаат одделна форма за секој род: *бел* петел, *бела* кокошка, *бело* пиле. Во множина за сите родои имаат иста форма: *бели* петли, -кокошки, -пилиња.

Придавките разликуат два броја, еднина и множина: *црвен* појас- *црвени* појаси, и сл. Придавките ги изедначиле падежите во еднина така да сега има само еден општ падеж — освен оние што се употребуат со предлози.

Како и именките, и придавките можат да се употребуат со член. Тој ги внесуе во нивната особина истите оние различија што ги споменавме кај именките.

Членуената форма за машки род се образуе од придавската форма на *и (бел-белиот, -он, -ов* и сл.*)*

## Поредба (компарација) на придавките

Освен во својата основна форма некои придавки (особено описните) можат да се јават и во други форми што преставуат засилена форма на придавската особина. Така придавките имаат специално својство да може нивната особина да се пореди. Така имаме прв пореден степен (компаратив: *йовисоk, йосилен, йобел* и сл. и втор пореден степен (суперлатив) *нajвисоk, нajсилен, нajбел* и сл.

За сравнение во прв поредбен степен потребни се две лица, или два предмета што се поредат, така да едното лице или предмет има повеќе или помалку од онаа особина со која што се пореди: Стојан е *йовисоk (йонизоk)* од Петка.

Компаративот се прави со честицата *йо-* која што се придава пред основната придавска форма и се пишуе заедно со неа *(йовисоk, йоарен).*

За поредба во втор поредбен степен се потребни три лица или предмети што се поредат со своите особини. Лицето или предметот што се пореди со другите лица или предмети има најмногу или најмалку од онаа особина што ја значи придавката: Никола е *нajвисоk (нajнизоk)* — значи дека височината на Никола т. е. таа негова особина е во поголем степен од колку во други две лица.

Суперлативот се прави со честицата *нaj-*. Таа се придава пред основната придавска форма и се пишуе заедно со неа.

Компарација можат да имаат само описните придавки. Посвојните и материалните немаат компарација, дека пак ќе значат исто она што значат и во основната форма. Нпр. *дрвен*, не може да се рече *йодрвен* или *нajдрвен*. Ако градивните придавки го променат своето значење и добијат ново описно значење, тогаш можат да имаат поредба.

Во нашиот јазик има тенденција да се прави компарација и од некои именки и глаголи. Пр.: Тој е арен *мajсйор*, Стојан е *йомajсйор*, а Милан е *нajмajсйор* од сите. Никола *рабойи*, Вера *йо не рабойи*, а Пецо *нaj не рабойи.*

*Задача:* Најдете ги во читанката стр. . . . . сите придавки и кажете во кој степен се?

### Правопис на придавките

1. Придавките што свршуат на *в* гласат: *готов, -ва, -во, -ви,* (не *готоа*-готои).

2. Честицата *по-* и *нај-* за поредба се пишуат заедно со придавките: *повисок, највисок.* Ако се пореди глаголското дејствие честицата *по* и *нај* се пишуе одделно.

3. Негацијата *не* се пишуе заедно со придавката: *неарен, неубав.*

4. Се пишуе: *радосен, чесен, посен,* (не: *радостен, честен, постен); радосна, чесна, посна,* (не: *радостна, честна, постна).*

## Броеви

*Прашања: Колку ученици сте во класот? Ние сме триесет и девет. Кој е прв по успех во класот? Методија е прв, а Стојан е втор по успех. Двајцата се одлични по народен јазик. Еве на секого по половина јаболка и по десетина сливи. Ние сме осуммина брака. Двапати идам кај тебе.*

Што значат овие зборои: *триесет и девет, прв, втор, двајцата, обајцата, половина, десетина, осуммина, двапати* и сл.?

Јасно е дека тие зборои значат колку има нешто на број *(триесет и девет),* кое е нешто по ред *(прв, втор)* или колку има нешто на куп *(осуммина, десетина* и сл.). Такви зборои се викаат *броеви.* Тие најчесто се употребуат до именките да ги дополнат.

По значење броевите ги делиме на: *прости, редни, збирни, множни* и *поделни.*

### Прости броеви

Простите броеви покажуат колку лица или предмети има на број. Се познаваат со прашање *колку.* Тие се: *еден, една, едно, два, две, три, четири, пет, шест седум, осум, девет, десет, единаесет, дванаесет, тринаесет, шеснаесет, дваесет, дваесет и шест, триесет, четириесет, педесет, шеесет, седумдесет, осумдесет, деведесет, сто; сто и педесет, двесте, двесте и два, триста, четиристотини, петстотини, шестотини, седумстотини, осумстотини, деветстотини, илјада, милион.*

Бројот *еден* во еднина разликуе одделна форма за секој род: *еден човеk, една жена, едно деше.* Тој број има множина *едни,* само со значење *неkои*: *Едни (неkои) луѓе ми велаш да учам.*

Бројот *два* има две форми. *Два* за машки род и *две* за женски и среден род. Пр.: *Два* вола. *Две* жени од *две* разни села дојдоа.

Броевите *шри, чешири, йеш* и сите натака имаат една иста форма за сите родови.

## Редни броеви

Тие броеви покажуат како стои нешто по ред. Прашање за нив е *kој йо ред.* Тие се: *йрв-а, -о, -и, вшор-а, -о, -и, шреш, чешврш, йешши, шесши, седми, осми, девешши, десешши, единаесешши, девешнаесешши, дваесешши, йедесешши, седумдесешши, деведесешши, сшоши, (сшошен, двесшошен, йешсшошен), илјаден, милионен.*

Редните броеви разликуат род и број. Во еднина имаат одделна форма за секој род а во множина една иста форма се употребуе за сите родои: *йрвише луѓе, йрвише жени, йрвише деца.* Тие по форма личат на придавките.

Како именките и придавките, и редните броеви можат да бидат членуени.

## Збирни броеви

Збирните броеви покажуат колку има нешто во збир, кој што збир е приближно, а не точно одреден: Имам *десешина* овци, *сшошина* динари и сл.

## Бројни именки

Именките *двајца, обајца, шројца, чешворица, йешшина* или *йешмина, седуммина, осуммина, сшомина, илјадамина* се викаат бројни именки, дека се прават од броевите. Бројните именки се употребуат само за лице. Можат да бидат и членуени.

## Множни и поделни броеви

Збороите *еднаш, двайаши, шрийаши, йешйаши, сшойаши, двојно, шројно, чешворно* и сл., *вудве, вушри* и сл. покажуат колку пати нешто станало или било земено. Тие броеви се викаат *множни броеви.*

Зборовите *надве, натри* и сл. покажуат дел од некое цело и се викаат *поделни броеви.* Освен поделните броеви има поделни бројни именки. Тие покажуат на колку делои се дели нешто: *половина, третина, четвртина* и сл.

*Задача:* Најдете ги сите броеви во текстот на стр..... и покажете каков е кој број.

### Правопис на броевите

Членуената форма од броевите што свршуат на *т* гласи: *Деветте, петте* и сл. Се пишуе *десетти, единаесетти,* и сл. Се пишуе *втори* (не *фтори*). Исто така *-мина* се пишуе заедно со бројот: *осуммина, десетмина* и сл.

## Заменки

### Лични заменки

Пр.: *Јас сум постара од тебе. Ти си вреден ученик. Тебе те видов на пазар. Ние сме арни, ама вие не сте. Тој (он) ќе дојде доцна.*

Што покажуат зборовите *јас, ние, ти, вие, тој, он?* Тие покажуат лице што зборуе, лице на кое што му се зборуе, или лице за кое што се зборуе или се упатуе на тоа лице. Личните заменки се делат на лични заменки за:

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| I лице | *јас* | *ние* |
| II „ | *ти* | *вие* |
| III „ | *тој (он), таа (она), тоа (това, оно)* | *тие (они)* |

Лична заменка за секое лице (повратна) *себе си, се.*

Како што се гледа од горното, личната заменка за III лице има форми за сите три рода.

### Личната заменка за прво лице

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| Ном. | јас | ние |
| Дат. | (мене) мене ми, ми | (нам) нам ни, ни |
| Акуз. | (мене) мене ме, ме | (нас) нас не, не |

### Личната заменка за второ лице

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| Ном. | ти | вие |
| Дат. | (тебе) тебе ти, ти | (вам) вам ви, ви |

## Личната замеика за трето лице

Еднина

| | маж. род | жен. род |
|---|---|---|
| Ном. | тој (он) | таа (она) |
| Дат. | (нему) нему му, му. | (нејзе) нејзе ѝ, ѝ. |
| Акуз. | (него) него го, го. | (неа) неа ја, ја. |

сред. род

тоа-това (оно)

Множина

ном. тие (они)
дат. (ним) ним им, им
акуз. (нив) нив ги, ги

Сите други падежи за среден род се исти како и за машки род.

Во номинатив еднина и множина влегла во ваква употреба показната заменка за второ лице: *ѿој, ѿаа, ѿоа (ѿова), ѿие.*

## Повратна лична заменка

Еднина и множина за сите три рода:

дат. себе си, си
акуз. себе, се

Повратната заменка нема множина, т. е. формата за еднина се употребуе и за множина. Како што се гледа од промената на заменките за прво, второ и трето лице, во датив и акузатив во еднина и множина разликуеме:

а) *Двојна форма* на заменката. Таа форма најчесто се употребуе во нашиот јазик, особено кога ќе се сака нешто да се нагласи: *мене ми* рече; *мене ме* виде; *ѿебе ѿи* реков; *вам ве* најдов; *нему му* е арно; и сл.

б) *Скраѿена форма* (енклитична). Таа форма се употребуе кога нешто не е особено нагласено: *Ми* рече Никола оти ќе дојде. *Ме* најде брат ми и сл. Таа форма се употребуе пред глаголот, а не после него.

в) *Полна форма.* Таа форма ја употребуеме најчесто после негација: Не *ѿебе,* а нив ги видов. Не *вам,* а на Стојана му реков. Оваа форма се употребуе и во зависните падежи со предлози: Со *мене* дојде. Во *нас* е клучот. Од

Најширока употреба има двојната форма на заменките. Таа се шири за сметка на другите две форми. Тоа е една од типичните црти на нашиот јазик.

## Прашална заменка

Пр: *Кој* човек дојде? — Петар. *Кој* вол го нема? — Шарениот. *Шшо* си направил? — Ништо. Зборoите *кој* и *шшо* во горните примери се употребуат за прашање за лица, животини или предмети што не ни се познати, а сакаме да знаеме нешто за нив, за она што го прават тие или што се случуе со нив. *Кој* се употребуе кога се праша за лица, а *шшо* за предмет.

Прашалната заменка *кој* и *шшо* ги има овие родои и падежи:

Еднина

| | маж. род | жен. род | сред. род |
|---|---|---|---|
| ном. | кој | која | кое |
| дат. | кому му | | |
| акуз. | кого го | | |

| | |
|---|---|
| ном. | што (сите родои еднакви) |
| дат. | чуму ти е (во израз) |
| акуз. | што |

Множина

за сите три рода

кои

## Неодредени заменки

Тие заменки се прават од прашалните заменки и ја имаат истата промена како нив:

За л. *Некој-а-е; некои; некому, некого* итн. *Кој било, кој да е, кој не, кој годе* итн.

За предмети: *нешшо, шшо било* итн.

## Одречна заменка

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| ном. | никој, -а, -е, | никои — за трите рода |
| дат. | никому — — | — |
| акуз. | никого — — | — |

За предмети: ништо (за трите рода).

### Општа заменка

| | | |
|---|---|---|
| ном. | секој -а, -е. | (секои) |
| дат. | секому, — — | |
| акуз. | секого, — — | |

### Односна заменка

| | Еднина | ж. р. | с. р. |
|---|---|---|---|
| ном. | кој што | која што | кое што |
| дат. | кому што | — | — |
| акуз. | кого што | — | — |

Множина

кои што — за сите три рода
што — за сите три рода.

### Показна придавска заменка

Пр: *Овој* ми е другар. *Тој* е брат ми. *Оној* дошол.
Што покажуат зборовите *овој, тој, оној?*

Со овие зборови ги посочуеме лицата, предметите и сл. што се во извесен однос (најчесто по место) спрема лицето што збоpуе; со нив се покажуе и односот по далечина меѓу лицето што збоpуе и лицето и предметот на кој што се покажуе. За тоа тие се викаат показни заменки.

Со заменката *овој, оваа, ова* се сочат поблиски лица или предмети, а со *оној, онаа, она* — подалечни. *Тој* служи за општо покажуење.

И овие заменки имаат облици за род, број и падеж.

За I лице

| | Еднина м. р. | ж. р. | с. р. | Множина |
|---|---|---|---|---|
| ном. | овој | оваа | ова | овие (за сите три рода). |
| дат. | — | — | — | |
| акуз. | овега | | | |

За II лице

| | Еднина м. р. | ж. р. | с. р. | Множина |
|---|---|---|---|---|
| ном. | тој | таа | тоа (това) | тие (за сите три рода). |
| дат. | — | — | — | — |
| акуз. | — | — | — | — |

За III лице

| | Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. р. | с. р. | |
| ном. | оној | онаа | она | оние (за сите три рода). |
| дат. | — | — | — | — |
| акуз. | — | — | — | — |

## Какботнн (квалнтативни) заменки

Оваа заменка има показен *смисол*. Таа го определуе предметот или лицето со кое што се употребуе по квалитет, заменуејќи некоја описна придавка.

| | Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. р. | ср. р. | за сите три рода |
| 1. лице | ваков | вакв а | вакво | вакви |
| 2. „ | таков | таква | такво | такви |
| 3. „ | онаков | онаква | онакво | онакви |
| *За прашање:* | каков | каква | какво | какви |

## Количинска (квантитативна) замеика

Количинската заменка *исто така* има показен смисол. Таа го определуе предметот или лицето што стои со неа по количество, заменуејќи некоја придавка што покажуе количество.

| | Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. р. | с. р. | за сите три рода |
| 1. л. | олкав | олкава | олкаво | олкави |
| 2. „ | толкав | толкава | толкаво | толкави |
| 3. „ | онолкав | онолкава | онолкаво | онолкави |
| *За прашање:* | колкав | колкава | колкаво | колкави |

| Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|
| | За секое лице | | |
| м. р. | ж. р. | с. р. | |
| сиот | сета | сето | сите |
| сиов | сева | сево, сѐ | сиве |
| сион | сена | сено | сине |

## Посвојни придавски заменки

Пр.: *Мојот* коњ е добар. *Нашата* книга е убава. *Твојот* брат е ученик. *Вашиот* саат остануе. *Нивниот* саат оди арно. *Неговиот* вол е бел. Не си ја оставај *својата* работа.

Зборовите: *мојош, швојош, нашиош, својош* и сл. покажуат дека лицето или предметот што иде со нив му припаѓа на првото, второто или третото лице. За тоа тие заменки се викаат посвојни заменки.

I

| | Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. р. | с. р. | за сите три рода |
| 1. лице | мој | моја | мое | мои |
| 2. „ | твој | твоја | твое | твои |
| 3. „ | негов | негова | негово | негови |

*За женски род:* нејзин, нејзина, нејзино; нејзин.

II

| | Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. с. | с. р. | за сите три рода |
| 1. лице | наш | наша | наше | наши |
| 2. „ | ваш | ваша | ваше | ваши |
| 3. „ | нивни | нивна | нивно | нивни |

Посвојна заменка за секое лице е: свој, своја, свое; множина: свои.

Заменката *мој, швој, нежов* покажуе дека именката со која што стоат тие заменки припаѓа само на едно лице; заменката *наш, ваш, нивни* покажуе припаѓање на повеќе лица.

## Членот кај придавските заменки

Посвојните, каквотните и количинските заменки можат да се членуат како и придавките. Пр.: *мојов, швојов, неговиов, нивниов, нашиов; вакviов, шаквиош; олкавиош, онолкавиош и сл.*

## Правопис кај заменките

1. Кратката дативна форма од женски род на личната заменка за трето лице еднине *ѝ*, се пишуе со акцент за да се разликуе од сврзникот *и*.

2. Во множина се пишуат со *и* на крајот, иако се слуша *ј*. Заменките *мој, швој, свој, кој* и сл.: *мои, швои, свои, кои* и сл.

3. Количинската заменка за секое лице *сѐ* се пишуе со акцент за разлика од повратната лична заменка *се* и од трето лице еднина сегашно време од помошниот глагол: (Тие) *се*.

# ГЛАГОЛИ

Пр.: а) Ние *копаме* лозје;
б) Петре и Никола *седат;*
в) *Се стемнуе;*

Што покажуат збороите: *копаме, седат, се стемнуе?* Зборот *копаме* значи вршење работа; зборот *седат* значи положение во кое што се најдуат Петре и Никола; зборот *се стемнуе* значи дека нешто стануе без да се знае кој е причинител на тоа. Освен тоа збороите *копаме* и *седат* можат да се употребат и со други лица, а не само со прво или трето лице за множина. Така може да се рече: *Јас копам, ти копаш, јас седам, ние седиме.* Сето тоа покажуе дека горните зборои се менливи и по лица. Такви зборои што покажуат дека некој нешто работи, се најдуе во некакво положение и дека нешто стануе, и со својата промена се сврзани со лица, се викаат *глаголи.*

## Поделба на глаголите по траењето на дејствието

Пр.: *Ние пливаме. Бодни му се. Стрчни му се. Тој запливa. Петре испливa на другиот крај на реката. Тој прескака. Скокни преку бразда. Скакајте сите еден по еден.*

Траат ли сите дејствија на горните глаголи еднакво? Сигурно не.

Глаголот *пливаме* значи долго траење на дејствие; глаголот *стрчни се* значи кратко дејствие; глаголот *прескака* значи трајно дејствие што се повторуе често пати. Така имаме:

1. Глаголи на кои што дејствието им трае неограничено време. Тие се викаат *несвршени.* Едни од несвршените глаголи покажуат непрекидно — продолжно траење на дејствието (продолжителни): *читам, пливам;* други покажуат дејствие што се прекинуе и повторуе во своето траење (повторливи): *потскакнуе.*

2. Глаголи на кои што дејствието им е свршено: *исплива, бодни се, скокни, викни* и сл. се викаат свршени. Едни од свршените глаголи покажуат почеток на дејствие: *заплива*; други крај на дејстие: *исплива;* трети наполно свршуење на дејствието во еден момент (моментни): *викнам.*

*Задача.* Направете неколку реченици со разни глаголи по траењето на дејствието.

## Поделба на глаголите по преоѓањето на дејствието

Пр.: а) *Киро носи книга. Ордан цепи дрва.*

б) *Методија спие. Миле патуе.*

в) *Јас се мијам. Тие се тепаат.*

Во речениците под а) на што преоѓа дејствието што го кажуе глаголот? — Дејствието што го кажуе глаголот преоѓа на некаков предмет: *книга, дрво.*

Глаголите што значат дејствие што преоѓа на некој предмет се викаат *преодни (транзитивни).*

Во речениците: *Методија спие, Миле патуе,* преоѓа ли дејствието? — Не!

Тие глаголи не бараат дополнение од предмет, туку дејствието остануе сврзано за лицето што го врши.

Глаголи што значат дејствие што не преоѓа на некој предмет, но остануе врзано за лицето што го врши дејствието, се викаат *непреодни* (интранзитивни).

Има глаголи што се јавуат придружени со повратната заменка *се.* Такви глаголи се викаат *повратни: се мијам, се чешлам, се тепам* и сл. Многу од овие глаголи по своето значење се еднакви со непреодните глаголи, бидејќи во нив не се разбира дека дејствието преминуе на повратната заменка, т. е. на лицето што го врши дејствието: *се смеам, се давам, се мачам* и сл.

## Менливост на глаголите — конјугација

Пр.: а) *Тој работи, а јас седам. Ние патуеме за Скопје. Јас ќе работам. Тој работел. Вие сте селеле. Тие ќе учат.*

б) *Работи! Јас би читал книга, да имам време.*

в) *Работејќи пеам. Тој е тепан.*

Кога се вршат дејствијата: *работи, работел, ќе работи?* Да ли се вршат сите во исто време?

а) *Тој работи* — значи дека тој сега, кога се зборуе за него, го врши дејствието. Значи, тоа дејствие се врши во *сегашно време. Тој работел* — значи дека дејствието се вршело во *минато време* — во поредба со моментот кога зборуеме за дејствието (вчера, одамна, лани).

*Тој ќе работи* — значи дејствие што ќе се врши допрва — во *идно време.*

Оттаму имаме три основни времиња за искажуење на дејствија: *сегашно, минато и идно време.*

б) Во речениците *Работи! Јас би работел, да имам време,* определуе ли се време или нешто друго? — Во тие реченици се искажуе заповед за вршење на некоја работа или услов под кој што се врши или би се вршило дејствието. Значи, тука имаме работа со глаголски начини.

в) Имаме глаголски форми што не се менуат по лица. Тоа се глаголски придавки: *активна (играл, носел), пасивна (тепан, носен)* и *глаголс иот прилог: играјќи, работејќи, носејќи.*

## Поделба на глаголските форми

Во нашиот јазик ги разликуеме овие глаголски форми:

1. Времиња: *сегашно, минато определено несвршено* и *свршено, минато неопределено несвршено* и *свршено, одамна минато, идно време.*
2. Начини: *заповеден* (императив) и *условен.*
3. Глаголски придавки: *активна и пасивна придавка.*
4. Глаголски прилог.

## Лични и безлични глаголски облици

Од дадените порано реченици се гледа дека глаголските форми се употребуат или тие можат да разликуат лица, т. е. се менуат по лица. Глаголското дејствие се врши од првото, второто или третото лице. Значи глаголите разликуат три лица во еднина и три лица во множина. Менливоста на глаголите по лица, времиња, начин, глаголски прилози и глаголски придавки се вика *конјугација.*

Во најголем дел од глаголските форми обично се знае лицето што го врши дејствието. Такви глаголски форми се викаат *лични;* оние пак глаголски форми каде што се не знае лицето што го врши дејствието се викаат *безлични.* Лични глаголски форми се сите времиња и начини, безлични се глаголските придавки и глаголскиот прилог.

По бројот на глаголите од кој што се составени, глаголските форми се делат на *прости* и *сложени.* Прости се оние глаголски форми на кои што дејствието се искажуе со еден глагол, а сложените се составени од два или повеќе глагола (од помошниот и од глаголот што се менуе).

*Задача.* На стр. . . . во читанката извадете ги сите глаголи и покажете во кое лице, време и број се? Определете уште кои се свршени, несвршени, преодни, непреодни и повратни?

## Помошни глаголи

Во нашиот јазик ги имаме овие помошни глаголи: *сум*, *ќе* и *имам*. Овие помошни глаголи се употребуат за правење на сложени глаголски форми. *Сум* се употребуе за правење на минато неодредено време; *ќе* за правење на идно време и за правење на условните конструкции.

Помошниот глагол *сум* ја има оваа промена:

*Сегашно време*

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 лице | Јас сум | Ние сме |
| 2 лице | Ти си | Вие сте |
| 3 лице | Тој (он), таа (она), тоа (оно) е | Тие (они) се |

Заповеден начин: едн. 1 л. — 2 л. *биди*, 3 л. (описно) *нека биде*.

Множина — 1 лице —, 2 лице *бидете*, 3 лице (описно) *нека бидат*.

*Минато определено*

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | бев | бевме |
| 2 л. | беше | бевте |
| 3 л. | беше | беа |

*Идно време*

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | ќе бидам | ќе бидеме |
| 2 л. | ќе бидеш | ќе бидете |
| 3 л. | ќе биде | ќе бидат |

Прилог на сегашно време: *бидејќи*.

Глаголска активна придавка за еднина: *бил*, *била*, *било*; множина — *биле* (трите рода).

Под минато свршено време ја имаме само формата *би*, што се употребуе за правење на *кондиционал*.

Помошниот глагол *ќе* ја има само таа форма, која што се употребуе за образуење на идно време.

Глаголот *имам* служи за образуење на глаголските конструкции со пасивната придавка (*имам работено*) и се менува како сите други глаголи.

## Сегашно време

Пр.: *Јас одам. Ти црташ. Тој пишуе писмо. Ние читаме. Вие многу викате. Тие носат торба. Таа стои. Ние пееме.*

Во кое време е искажано дејствието на горните глаголи? Кога се врши дејствието? — Сигурно дури се зборуе за дејствието.

Таков глаголски облик што кажуе дејствие што се врши дури се зборуе за него се вика *сегашно време*. Свршените глаголи, поради својата ограниченост на траењето на дејствието, не можат да имаат вакво значење на сегашност, иако имаат форма за сегашно време.

Сегашно време се прави од својата основа со личните наставки:

| за: | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | -м | -ме |
| 2 л. | -ш | -те |
| 3 л. | — | -т |

Основата за сегашно време ја добиваме кога го отфрлиме од второто лице еднина сегашно време личниот завршок *-ш*. Напр.: Од горните реченици, ако го земеме глаголот *одам*, второ лице еднина сегашно време ќе биде *оди -ш*. Ако го отфрлиме тоа *-ш*, ке ја добиеме основата за сегашно време. Ако го отфрлиме од оваа основа завршокот на основата *-и*, тогаш ќе добиеме глаголска основа *од*.

## Глаголски групи — конјугации

По тоа на која наставка завршуе основата во сегашно време, ги разликуеме овие глаголски групи вѐ нашиот јазик:

Со основа на *-а:* викам, — вика -ш.

„ „ „ *-и:* носам, — носи -ш.

„ „ „ *-е:* идам, — иде -ш; кажуам, кажуе -ш.

Ќе земеме глаголи од секоја група и ќе ја покажеме нивната менливост во сегашно време.

| | *А група* | | *И група* | | *Е група* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еднина | Множина | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
| 1. л. | викам | викаме | носам | носиме | идам | идеме |
| 2. „ | викаш | викате | носиш | носите | идеш | идете |
| 3. „ | вика | викаат | носи | носат | иде | идат |
| 1. л. | пливам | пливаме | стоам | стоиме | кажуам | кажуеме |
| 2. „ | пливаш | пливате | стоиш | стоите | кажуеш | кажуете |
| 3. | плива | пливаат | стои | стоат | кажуе | кажуат |

Освен во своето право значење, т.е. да покажуе дејствие што се врши дури зборуеме за него, сегашно време се јавуе и во ред други значења. Така например со него може да се искаже минатост, во прикажуење, расправање на минати случки (*историско сегашно време*): *Детето оди кај дедото, и му тропа на порта. Дедото станув и му отвора* (дејствието овдека се развива во минатост и може да се изрази и со минато време). *Во 1812 година Наполеон ја напаѓа Русија.*

Со сегашно време може да се искаже и идност: *Утре одиме на игралиштe* (место: *ќе одиме*). *Вечер патуеме за Белград* (место: *ќе патуеме*).

Во пословици сегашното време се јавуе пак со специално значење на дејствие што се врши секојпат кога ќе се исполнат извесни услови: *Младо дрво се витка* (тоа не значи дека сега младото дрво се витка, ами се констатуе нешто што стануе во секое време при извесни услови). Такво сегашно време се вика *пословично сегашно време.*

Сегашно време се употребуе многу често и во разни видои реченици што покажуат желба, намерение, услов и сл. Напр.: *Дај ми да јадам. Одам да купам книга. Ако работиш, ќе имаш. Го правиш ли тоа? Го правам* и сл. — такво сегашно време се вика *начинско сегашно време.*

Во искажуење правила, дефиниции и сл., кога оној што зборуе употребуе сегашно време, не мисли на сегашност и не зема временски однос спрема искажаното со сегашна форма, но тој само констатира нешто што секојпат стануе. Напр: *Граматиката е наука за јазикот. Квадратот има четири страни и четириката.* — Тоа сегашно време се вика *описно сегашно време.*

### Правопис на сегашното време

Првата глаголска *а* група има во трето лице множина две *а:* пливаат, викаат.

*Задача:* На стр..... од читанката најдете ги глаголите употребени во сегашно време и кажете како се употребуат?

### Заповеден начин

Пр.: *Прочитај ја книгата. Носете ги тетратките. Пишујте поубаво. Останете уште малку.*

Што покажуат зборoите: *прочитај, носете, пишујте, останете?*

Тие зборои значат заповед искажана од првото лице, што треба да ја изврши второто лице, т.е. лицето на кое што му се зборуе. Тоа значи дека може само да се заповеда на второто лице. Таков начин се вика *заповеден начин.*

Заповедниот начин разликуе одделни-директни облици само за второто лице еднина и множина: *бегај — бегајте*; *носи — носете*. Формите на заповедниот начин се прават во нашиот јазик од основата на сегашното време са овие различија за одделни глаголски групи:

1. При глаголите од *а* група са додавање на основата, за второ лице еднина *-ј*; за второ лице множина *-јте*. Пр.: бега-*ј*, бега-*јте*.

2. При глаголите од *и* и *е* група со отфрлање на наставката од основата на сегашно време и додавање за второ лице еднина: *-и* или *-ј*; за второ лице множина: *-ете* или *-јте*.

Кај глаголите, на кој што глаголската основа (т.е. делот од глаголот што се добива при отфрлуењето на наставката за основата на сегашно време) се свршуе на согласка, имаме форма за 2 л. на *-и*, *-ете*; пак за глаголите на кои што им се свршуе глаголската основа на самогласка ќе имаме наставка *-ј*, *-јте*.

| | | |
|---|---|---|
| Пр.: | нос-*и* | нос-*ете* |
| | ид-*и* | ид-*ете* |
| | сто-*ј* | сто-*јте* |

Заповедниот начин за другите лица (што не значат директна заповед): прво лице еднина и множина и трето лице еднина и множина, се прави описно, со *да* или *нека* и формата за сегашно време од глагол што се менуе. 1 л. едн.: *да викам*; 1 л. мн.: *да викаме*; 3 л. едн.: *нека вика*; 3 л. мн.: *нека викаат*; и сл.

Како што рековме, со второто лице на овој начин се искажуе заповед, но таа заповед понекојпат преминуе во желба и молба.

Освен со своето основно значење заповедниот начин се јавуе и како форма за раскажуење на случки и сл., т.е. покажуе минато. Напр. Ние кинисавме по патот: *оди, оди*; одвај стасавме в село. Тамо имаше многу свет пред вратата: едни *влези*, други *излези*. Јасно е дека во тие примери заповедната форма не покажуе никаква заповед, ами дејствие што станало во минатото, а за кое што сега се расправа.

Заповедниот начин може да се употреби во пословица. Пр.: *Рани* куче да те лае. Рано *легни*, рано *стани*.

### Минато одредено време несвршено

Пр.: *Овците уште лежеа во трлото. Тие бегаа на припек. Јас одев на училиште.*

Глаголите: *лежеа, бегаа, одев*, употребени во горните реченици покажуат минато дејствие неограничено по траење, и особено ја изразуат продолжителноста на траењето од тоа дејствие. Затоа тоа време се вика *несвршено*. Одредено се вика дека со него се изнесуе дејствие што се развивало пред очите на оној што кажуе за него. (*Тој бегаше*, значи дека јас сум го гледал и сам кога бегал и сега кажуам за тоа). Од самото значење на ова време излегуе дека тоа минато време го имаат само несвршените глаголи. Свршените глаголи ја имаат само формата на ова време, без неговото вистинско значење: *паднеше, дојдеше* и сл. Баквите форми се употребуат само во извесни конструкции: *ќе паднеше; да дојдеше* и сл.

Ова време се прави со наставките:

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1. л. | *-в* | *-вме* |
| 2. л. | *-ше* | *-вте* |
| 3. л. | *-ше* | *-а (-ја)* |

Горниве наставки се придаваат кај глаголите од *а*-група на основата на *а* (*бега-*); кај глаголите од *е, и*-група на основата на *е* (*иде-, носе-*).

| | *А-група* | | *Е-група* | | *И-група* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. л. | бегав | бегавме | пеев | пеевме | носев | носевме |
| 2. л. | бегаше | бегавте | пееше | пеевте | носеше | носевте |
| 3. л. | бегаше | бегаа | пееше | пееја | носеше | носеа |
| 1. л. | | | кажуев | кажуевме | стоев | стоевме |
| 2. л. | | | кажуеше | кажуевте | стоеше | стоевте |
| 3. л. | | | кажуеше | кажуеја | стоеше | стоеја |

*Правопис*. Во трето лице множина, тамо каде што се срекаваат едно до друго три самогласки се пишуе *ј*: пееја, купуеја и сл.

## Минато определено време свршено

Пр.: *Зедов џари од браџ ми. Сџоривме голема грешка. Нешџо овде ме касна. Паднав на колено* и сл.

Какво дејствие покажуат зборовите: *зедов, сџоривме, касна* и *џаднав?* — Таа глаголска форма покажуе еден момент од извесно дејствие во минатото, било да е почеток, крај или полно извршуење на тоа дејствие. И ова време е одредено, што значи дека дејствието се соопштуе со него како директно гледано од зборуачот: *Тој џадна* (јас го видов кога падна).

Ова време најчесто го имаат свршените глаголи, што е во врска со неговото значење. Тоа се прави со овие наставки:

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1. л. | *-в* | *-вме* |
| 2. л. | | *-вџе* |
| 3. л. | | *-а (-ја)* |

Значи истите наставки како за минато одредено несвршено време, само за второ и трето лице еднина нема наставки.

По одбивањето на наставката за ова време се добива неговата основа. Таа се вика уште и инфинитивна.

*А-груџа*

| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | избрав | избравме | избегав | избегавме |
| 2 л. | избра | избравте | избега | избегавте |
| 3 л. | избра | избраа | избега | избегаа |

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | дочув | дочувме. |
| 2 л. | дочу | дочувте. |
| 3 л. | дочу | дочуаја. |

*Е-груџа*

| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | донесов | донесовме | зедов | зедовме |
| 2 л. | донесе | донесовте | зеде | зедовте |
| 3 л. | донесе | донесоа | зеде | зедоа |

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | преживев | преживевме |
| 2 л. | преживе | преживевте |
| 3 л. | преживе | преживеа |

### *И-груӣа*

| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | сторив | сторивме | пратив | пративме |
| 2 л. | стори | сторивте | прати | пративте |
| 3 л. | стори | сторија | прати | пратија |

Ова време може да покажуе и иднина. Пр. *Умрев од глад*. Освен тоа, ова време може да се употреби за раскажуење на собитија од минатото: *Тие се враѿија и донесоа ӣари* (историско минато одредено свршено).

*Правоӣис*. Во прво лице еднина на ова време се пишуе *-в*, и ако се слуша *ф*. Исто така се пишуе *в* во наставките за прво и второ лице множина: *-вме, -вѿе*. Во третото лице множина се пишуе ј во наставката -ија. Напр. *сѿорија, свршија* и сл.

## Минато неодредено време

Пр. *Тој рабоѿел цел ден. Ти си ӣаднал од дрво. Вие сѿе наӣравиле ќука, а нам не сѿе ни кажале.*

Какво дејствие искажуат глаголите: *рабоѿел, ӣаднал, наӣравиле* и *кажале?* — Со таа глагоска форма се искажуе дејствие што се вршело или свршило во минатото, за кое што ние узнаваме од некој друг. Затоа ова време се вика *неодредено*, бидејќи ние самите не можеме дејствието да го посведочиме лично. *Тој рабоѿел цел ден* — значи дека нам ни е кажано од некој друг за тоа, а ние самите не сме го виделе. Тоа е сложен глаголски облик и се прави од помошниот глагол *сум* во сегашно време и активната глаголска придавка на -л, -ла, -ло; ле. Во трето лице еднина и множина се изостава помошниот глагол. Напр.: *ѿој бегал, ѿие бегале*.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | сум бегал (ла, ло) | сме бегале |
| 2 л. | си бегал (ла, ло) | сте бегале |
| 3 л. | бегал (а не: *е бегал*) | — бегале (а не: се бегале) |

| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | сум дошол | сме дошле | сум видел | сме виделе |
| 2 л. | си дошол | сте дошле | си видел | сте виделе |
| 3 л. | дошол | дошле | видел | виделе |

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | сум сторил | сме сториле |
| 2 л. | си сторил | сте сториле |
| 3 л. | сторил | сториле |

Првото лице од ова време има поинакво значење, бидејќи тука самото лице што ја врши работата соопштуе за себе си. Така напр.: *Јас сум го йравел шоа, и йак ќе го йравам* не значи дека некој друг ни соопштуе за тоа (како што би бил случај ако се рече: *шој йравел*...), но тука се предава дејствие што го вршело првото лице во минатото. Или: *Ами! Сум зел, како не!?* Тука е ова време употребено за да се одбие како лажно она што го тврди некој за првото лице (*не е вистина шшо ши велиш, дека јас сум го зел*). Првото лице од ова време се употребуе често за да се искаже дејствие што станало без да биде забележено или осетено од тој што го извршил дејствието: Напр.: *Леле, сум го загубил ќесешо (јас сега дури шоа го забележуам). Ноќеска на сон сум сшанал, сум излегол надвор, и йак сум се врашил, и нишшо не сум сешил шшо сум йравел.*

И ова време може да се употреби со значење на иднина: *Бегај одшука, дури не сум ше ошейал. Си йройаднал, ако не дојдеш.* Може да значи и заповед: *Да не си мрднал од месшошо, оши шешко ши шебе.* Ова форма се употребуе уште и во пословици: *Ни лук си јал, ни лук мирисал.*

## Одамна минато време

Пр.: *Тие беа дошле, кога го йишуев йисмошо. Бевме си легнале, кога некој зашройа на йорша.*

Какво дејствие значи глаголската форма *беа дошле, бевме си легнале?* — Оваа сложена глаголска форма значи дејствие што се вршело или свршило одамна, пред некое друго дејствие. Се прави со помошниот глагол *сум*, кој што се зема во минато несвршено одредено време и активната глаголска придавка од глаголот.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | бев викал | бевме викале |
| 2 л. | беше викал | бевте викале |
| 3 л. | беше викал | беа викале |

Поретко се срекава за второ лице еднина и форма: *беше си викал*; за прво лице — *беше сум викал*, за прво множина — *беше сме викале*, за второ множина — *беше сте викале* и трето множина — *беше викале*.

## Идно време

Пр.: *Јас ке читам, а ти ке слушаш. Ние ке го викнеме. Тој ке исплива. Вие ке донесете мастило.*

Какво дејствие значи глаголската форма: *ке читам, ке слушаш, ке го викнеме, ке донесете.* Оваа глаголска форма покажуе дејствие што ќе се врши или изврши во иднина. Затоа се вика *идно време.* Се прави со помошниот глагол *ке* и сегашното време од глаголот што се менуе.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | ќе викам | ќе викаме |
| 2 л. | ќе викаш | ќе викате |
| 3 л. | ќе вика | ќе викаат |

Идно дејствие се искажуе описно со вакви конструкции: *Има да носам, има да носиш* и сл. Овој начин за искажуење на идност обичен е при одречната форма: *Нема да одам, нема да одиш* и сл.

## Условен начин

Условноста се изразуе во нашиот јазик со сложени конструкции образуени со помошните глаголски форми *би* и *ке.*

### I

### *Конструкција со* би

Пр.: а) *Јас би го зел, да имам пари. Ти би дошол вчера, да знаеше дека имавме работа. Тале би го направил тоа, ако се сетел.*

б) *Јас би сум се скарал со него, да знаев за тоа. Тој би се отепал во барање, да не му кажев.*

Какво значење имаат сложените глаголски форми: *Јас би зел, ти би дошол, би го направил?* — Оваа глаголска форма значи дејствие што би се вршило или свршило под некое условие. Значи, тоа е начин, и тоа условен начин.

Тој се прави со глаголската форма *би* и активната глаголска придавка на *-л, -ла, -ло; -ле.*

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1 л. | би дошол | би дошле |
| 2 л. | би дошол | би дошле |
| 3 л. | би дошол | би дошле |

Од овој условен начин поретко се слушаат и вакви форми: би сум викал, би си викал, би сме викале, би сте викале, и сл. Овој условен начин може да значи сомнение, повеќе во иднинско значење: *Јас би рекол, дека ти тоа не го правиш од срце.*

## II
## *Конструкција со ќе*

1. Пр.: *Јас ќе земев пари, да дојдеше татко ми. Тој ќе викаше по мене, ако се забавев. Јас ќе паднев, ако не ме придржеше ти. Ќе ја видев таа работа, ако имав време.*

Какво дејствие се искажуе со формата: *ќе земев, ќе викав* и сл. Со оваа конструкција се искажуе условност на едно дејствие, исполнуењето на кое што зависи од некое друго дејствие во минатото. Со оваа конструкција може да се искажуе и дејствие што некој имал обичај да го врши: *ќе седнеше, ќе ја земеше тамбурата и ќе свиреше убави песни, а ние тогаш ќе го слушавме. Поручек ќе ја земев книгата и ќе читав.* Оваа конструкција се прави со помошниот глагол *ќе* и минатото одредено време на глаголот кој што се менуе. Се употребуе и од свршените и од несврните глаголи.

| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|---|
| 1. л. | ќе викав | ќе викавме | ќе паднев | ќе падневме |
| 2. л. | ќе викаше | ќе викавте | ќе паднеше | ќе падневте |
| 3. л. | ќе викаше | ќе викаа | ќе паднеше | ќе паднеа |

2. Пр.: *Тој ќе дојдел тогаш, ако го пуштеле. Тие ќе купеле жито, ама немале пари. Петре ќе стасал на време, да не беше му се поболел коњот.*

Какво дејствие покажуе глаголската конструкција *ќе дојдел, ќе купеле, ќе стасал* и сл.? — Таа конструкција во горните реченици покажуе дејствие условено од друго дејствие во минатото; при тоа дејствието ни е предадено од други неодредено (исто како кај минатото неодредено време). Со него се кажуе исто така и дејствие што имал обичај некој да го врши: *Спиро ќе земел леб и ќе одел на нива.*

Оваа конструкција се прави со *ќе* и минатото неодредено време од глаголот што се менуе. Се употребуе како од несвршените така и од свршените глаголи:

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1. л. | ќе сум викал | ќе сме викале |
| 2. л. | ќе си викал | ќе сте викале |
| 3. л. | ќе викал | ќе викале |
| 1. л. | ќе сум паднел | ќе сме паднеле |
| 2. л. | ќе си паднел | ќе сте паднеле |
| 3. л. | ќе паднел | ќе паднеле |

Таа може да значи и иднина, и тогаш се употребуе самостојно за да се искаже едно дејствие што сме го чуле од други дека ќе се изврши: *Утре ќе оделе другарите в село. Другиден ќе дојдел Спиро на пазар.*

## Глаголски прилог

Пр.: *Читајќи книга заспав. Одејќи јадел.* Глаголските форми: *читајќи* и *одејќи*, употребени во горните реченици не можат да се менуат по лице. Тоа е неменлива глаголска форма, нема ни лице, ни род, ни број. Таа глаголска форма се вика *глаголски прилог*. Од горните примери јасно е дека *читајќи* и *одејќи* значи дејствие што се вршело во исто време кога се вршело и некое друго дејствие. Тоа дејствие може да се врши во сегашност, во минатост или идност, но секојпат значи долго траење. Затоа се прави од несвршените глаголи, а од свршените само од помошниот глагол *сум* (бидејќи).

Се прави со наставката -јќи, што се додава на основата за минато несвршено време.

Пример: Бега(-в), бега-јќи; носе(-в), носе-јќи; иде(-в), иде-јќи; пее(-в), пее-јќи; кажуе(-в), кажуе-јќи.

## Активна глаголска придавка

Активната глаголска придавка завршуе на: *-л, -ла, -ло; -ле*. Разликуе во еднина одделна форма за секој род, а во множина една за сите родои: *читал, -ла, -ло;* а множина: *читале* (мажи, жени, деца). Во *дошол, дошла, дошло, дошле; рекол, рекла, рекло, рекле* и сл. имаме отпаѓање *-о-* пред наставката *-л*, во женски и среден род и во множина.

Овој облик ни служи за правење на сложени глаголски облици.

## Пасивна глаголска придавка

Оваа глаголска придавка свршуе на: *-н, -на, -но, -ни; -т, -та, -то, -ти.* Пр.: *тепа-н, -на, -но, -ни; носе-н, -на, -но, -ни; заколна-т, -та, -то, -ти.*

Овој глаголски облик го имаат преодните (транзитивните) глаголи и голем дел од непреодните, само што последните со активно значење. Пр.: *беган, спан, дојден, тргнат* и сл.

Многу од овие глаголски придавки, прекинуејќи ја врската со глаголот, или кога дојдат пред именка, го менуат своето внатрешно значење и стануат обикновени придавки.

Пр.: *Учен* човек; *венчана* жена; *изорана* и *посеана* нива; *неискажана* мака; *овената* трева; *проклет* човек и сл.

## Пасив

Пр.: *Тој е тепан. Лебот е донесен од фурна. Тој беше истеран од училичите. Денеска нивата ќе биде изорана.*

Со формите *е тепан, е донесен, беше истеран, ќе биде изорана* се изразуе дека дејствието се врши на првото лице од страна на некое друго лице. Значи, првото лице го трпи дејствието на себе. Горните форми се пасивни или трпни. Пасивните форми се образуат со формите од помошниот глагол и пасивната придавка на глаголот што се менуе. Тие се прават само од преодните глаголи. Напр.:

| | Сегашно време | | Минато определено време | |
|---|---|---|---|---|
| | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
| 1. л. | сум тепан-а-о | сме тепани | бев тепан-а-о | бевме тепани |
| 2. л. | си тепан | сте тепани | беше тепан | бевте тепани |
| 3. л. | е тепан | се тепани | беше тепан | беа тепани |

Минато неопределено време

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1. л. | сум бил тепан | сме биле тепани |
| 2. л. | си бил тепан | сте биле тепани |
| 3. л. | бил тепан | биле тепани |

Одамна минато време

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| 1. л. | бев бил тепан | бевме биле тепани |
| 2. л. | беше бил тепан | бевте биле тепани |
| 3. л. | беше бил тепан | беа биле тепани |

| Идно време | | Условен начин |
|---|---|---|
| Еднина | Множина | Еднина |
| 1. л. ќе бидам тепан | ќе бидеме тепани | би бил тепан |
| 2. л. ќе бидеш тепан | ќе бидете тепани | ќе беше тепан |
| 3. л. ќе биде тепан | ќе бидат тепани | ќе бил тепан |

Од непреодните глаголи имаме често по форма пасивна конструкција. Пр.: *Јас сум дојден. Тој е сега заспан* и сл. Јасно е оти тука пасивната придавка има активно значење.

Конструкција со сегашно време од глаголот *сум* и трпната придавка има значење на извесна минатост, потцртуејќи дека оној што зборуе уверен во извршеноста на глаголското дејствие, а не да е чул од некого, каков е случајот со минатото неодредено време. Таа конструкција е во широка употреба.

Оваа глаголска придавка во среден род често се употребуе со глаголот *имам*, во скоро сите негови форми, особено за минатите времиња.

Пр.: *Ние имаме пратено едно писмо дури во Белград. Немав чуено такви работи. Тој нема видено такви луѓе* и сл. И тука глаголската придавка има активно значење а глаголот го внесуе временското значење.

### Инфинитив

Нашиот јазик го загубил својот инфинитив сосем како глаголска форма. Многу малку остатоци од него има во народните песни — обично по зборот немој, кога иде глагол како дополнение на тој збор. Денеска кај нас место инфинитив се употребуе сегашно време со сврзникот *да*: *Можам да одам* и сл.

Исто така нашиот јазик ја загубил пасивната придавка за сегашно време и прилогот на минато време.

## Неменливи зборои

### Прилози

Пр.: *Тој работи овдека. Петре дојде вчера. Таја изработила задачата лошо. Милан ја заврте тетраткатa наопаку. Вие сте зеле доста пари. Тој е многу сиромав. Многу арно си сторил.*

Зборовите: *одвека, вчера, лошо, наопаку, доста,* се неменливи по род, број, падеж и време. Тие го појаснуат, дополнуат глаголот до кој што стоат по место, време, начин и сл. Можат исто така да стоат и до придавки и други прилози и да ги дополнуат со истите белези.

Такви неменливи зборои што стоат како дополнение на глаголи и придавки, да ги појаснат и покажат време, место, начин, мера и сл. се викаат *прилози.* Прилозите обично произлегуат од: именки, придавки, броеви, заменки и дури од глаголи. Некои од нив представуат скаменети форми од некогашни менливи зборои: *горе* (гора), *долу, зиме, лете, збогум, квечерум,* и сл. што биле стари падежни форми. Многу од придавките, особено описните во среден род, кога дојдат до глаголи и ги дополнуат прилошки, стануат прилози. Пр.: Тој *тивко* зборуе. Ти *лошо* работиш. Никола *арно* учи. Такви прилози имаат и компарација: *потивко, полошо, поарно* и сл.

Според своето значење прилозите се делат на:

1. *Прилози за место.* Идат на прашање *каде.* Пр.: *тука, горе, секаде, внатре, близу.*

2. *Прилози за време.* Идат на прашање *кога.* Пр.: *денеска, сега, утре, зиме, лете* и сл.

3. *Прилози за начин.* Идат на прашање *како.* Пр.: *криво, арно, лесно, мачно, брго, ретко, вака, така, инаку.*

4. *Прилози за мера и количество.* Идат на прашање *колку.* Пр.: *многу, малку, повеќе,* и сл.

Во нашиот јазик се интересни овие прилози:

1. На наставка *-ица, -ница: турканица, грабаданица, трчаница,* и сл.

2. Прилози во кои што имаме остатоци од некогашните падежи: *збогум, дење, ноќе, патем, квечерум* (остатоци од стариот инструментал — 6 падеж) или: *лани, зиме, лете, куќи, в земи* (стариот локатив — 7 падеж).

3. Под влијание на горните примери се развиле и овие направени од глаголи прилози: *молкома,* (ќутејќи), *викум, назорум, ќутејќум* и сл. Многу е продуктивно овоа правење на -ќум.

4. Сложени прилози: *изутрина, напреку, наопаку,* и сл.

*Правопис на прилозите.* Некои прилози се пишуат со у на крајот: *многу, малку, толку, колку, неколку, таму,*

*долу, инаку, далеку* и сл. Сложените прилози што се составени од предлог и прилог се пишуат составено: *отсега* (не: од сега) *одовде, оттаму*, и сл. Треба да се пишуе *уште* (не: *оште*), *дури* (не: *дори*).

*Задача.* Во читанкатана стр.... најдете ги прилозите и кажете што значат и какви се.

**Предлози**

Пр.: *Книгата е на масата. Под масата има книга. До ѕидот е таблата.*

Во горните примери зборовите: *на, под, до,* што стоат пред именките и покажуат во каков однос се најдуе извесен предмет или лице, т. е. какво место завзема едниот предмет или лице спрема другиот предмет или лице се викаат *предлози.*

Предлозите се а) *прости:* на, за, без, до, во, зад, над, под, и сл. и б) *сложени:* заради, спроти, околу, надвор, и сл.

*Правопис.* Предлогот *од* се пишуе со *д* на крајот, иако многу често се слуша *от.* Предлогот *в* се пишуе пред нечленуени именки или придавки; *в село, в град, в ракав, в нога* и сл. Предлогот *во* се употребуе пред зборои што почнуат со *в (во Велес)* и пред членуена именска форма *(во селото), во градот, во главата, во рацете, во нозете* и сл. Освен тоа *во* може да се употреби и пред нечленуени именски форми, кога со нив специално се подцртуат тие именки: *во град* сум учел, а не *во село.*

**Сврзници**

Пр.: *Брат ми и сестра ми учат убаво. Јас седам а ти учиш. Му реков да дојде. Другарот ми рече дека ќе прати книга.* Збороите: *и, а, да, дека,* сврзуат два збора или две реченици; тие се неменливи зборои. Такви неменливи зборои што сврзуат два збора или две реченици се викаат *сврзници.*

Тие се делат на вистински сврзници: *а, и, но, или, дека, оти, да,* и сл. и други сврзници што се употребуат и како прилози: *кога, каде, откако, што,* и сл.

**Извици**

Извиците се неменливи зборои со кои што искажуеме разни чувства, желби, а исто така и подражание на разни звуци: *ах, ох, олеле, бум, фиу* и сл. Еве ги најупотребливите извици:

1. За изразуење на чувство и желби: *оф, их, уф, туф, еј*, и сл.

2. За повикуење: *бе, абе, бре*, и сл. Овие се употребуат при својски однос а некои пак се и знак на грубост.

3. подражавање на звукои: *фиу, плус, крц, ѕрн*, и сл. Од овие извици постанале многу глаголи во нашиот јазик.

---

# СИНТАКСА

Оној дел од граматиката, во кој што се посочуе како одделните зборои и нивните облици се соединуат во сврзан говор, се вика *синтакса*. Значи, тој дел од граматиката се занима со изучуење на реченицата и нејзините делоизборои, значењето и употребата на збороите и облиците во реченицата.

*Забелешка.* Делот од синтаксата за значењето на збороите, облиците и нивната употреба изнесена е порано, бидејќи тоа е во тесна врска едно со друго.

## Делои на реченицата

### Подмет (субјект)

Како што рековме, подмет во реченицата е оној дел за кој што се зборуе. Секој збор може да биде подмет, ако се зборуе за него, но најчесто тој е именка или заменка. Подметот е центар на она што мислиме, од него излегуе дејствието, тој го врши дејствието, или е дејствието во врска со него. Пр.: *Селанецот секојпат работи. Другар ми учи. Сонцето грее.* Во сите тие реченици подметите покажуат работник што го врши дејствието или се тие причинители на дејствието.

Подметот се најдуе, кога се земе глаголот и се праша со заменката *кој* или *што*.

Има реченици, што искажуат извесно дејствие, за кое што нема нужда од подмет. Тие реченици покажуат обично нешто што станue во природата: *Грми. Сека.* Тие реченици се викаат *безлични* или *бесподметни*.

Често, ако е подметот лична заменка, може да се изостави: *Читам. Пишуам. Работат* и сл.

Понекојпат во речениците подметот не се јавуе формално, онака како што се јавуе во обичните реченици, така да требе да се разбере по смислата т. е. не граматички, а логички. Таков подмет се вика *логички подмет*. Пр.: Жал *ми* е за тебе. Тука заменката *ми* е логичкиот подмет (Јас жалам за тебе).

## Подметови додатоци

Додатоци на подметот се: *атрибут* и *апозиција*.

*Атрибут* е додаток што кажуе каков е подметот, чиј е или од каде е или воопшто го определуе поблизу подметот. Атрибутот е најчесто придавка, ама може да биде и друг збор: *Бело јагне пасе. Овој човек работи. Мојата сестра учи. Еден пес лае.* Осем тоа атрибутот е секој именски додаток, било каква служба да врши името што се определуе со него. Пр.: Го видов *црното* теле. Тука придавката *црното* е додаток на именката *теле*, а таа не е подмет.

*Апозиција* е додаток кој што со друго име го покажуе подметот: *Спиро, брат ми, го видов вчера. Маршал Тито, херојот на Југославија, ја изведе народноослободителната борба до победоносен крај.*

## Прирок

Прирок во реченицата се вика оној дел што искажуе нешто за подметот. Прирок е глагол во личен глаголски облик (време или начин). Се бара со прашање: Што работи подметот. Ако глаголот сам го искажуе прирокот, се вика *глаголски*: *Павле чита. Јас пишуам.* Ако глаголот не може сам да го изрази прирокот, но него го дополнуе некој друг збор, се вика *именски*. Пр.: *Коњот е црн. Тој станал ученик* и сл. Тука глаголот се вика *спона* а зборот *именски дел на прирокот.* Поради поживо искажуење прирокот може и да се изостави, ако по смислата може лесно да се погоди. Пр.: *Ние за волкот* (збоpуеме) — *а волкот на врата* (дојде). *Ножот, и в гради.*

## Прирокови додатоци

1. *Објект* или *предмет* е додаток прироков. Покажуе на што се врши дејствието на прирокот: *Пишуам писмо. Тој ја ора нивата. Тие копаат лозје* и сл. Тој дел на прирокот се најдуе кога се земе прирокот и се́ праша со заменката *кого* или *што*.

2. *Додаток за место.* Тој додаток кажуе каде се врши дејствието: *Ти седиш тука.* Стои на прашање *каде.*

3. *Додаток за време.* Тој додаток покажуе време кога се врши дејствие: *Денеска ќе работиме.* Стои на прашање *кога.*

4. *Додаток за начин.* Покажуе начин на кој што се врши дејствието: *Петре тивко зборуе.* Стои на прашање *како.*

5. *Додаток за причина.* Покажуе причина заради која што се врши или не врши дејствието: *Заради болеста не дојдов на училиште.* Стои на прашање *зошто.*

*Задача.* Во читанката стр . . . најдете ги сите прирокови додаци и кажете какви се.

## Поделба на речениците

Реченицата може да биде проста и сложена. Проста реченица е онаа, што се искажуе со една мисла: *Јас читам. Тој спие. Никола учи.* Простата реченица може да биде: *просто неразвиена* и *развиена.* Просто неразвиената е составена само од подмет и прирок: *Коњот пасе. Тој трча. Ѕидот е бел.* Просто развиена е онаа реченица, која што освен подмет и прирок има и други зборои што го објаснуат или дополнуат подметот или прирокот: *Добар ученик совесно ги работи своите задачи.*

Реченица составена од две или повеќе прости реченици се вика *сложена*: *Јас читам, а ти пишуеш. Петар отиде на нива да бере тутун.*

По обликот свој речениците можат да бидат: *потврдни,* (Петар работи), *одречни* (Петар не работи), *прашални* (Работи ли Петар).

Реченици кој што се најдуат меѓу делоите на некоја друга реченица се викаат вметнати: *Ако сакаш да бидеш голем, вели еден учен човек, тогаш треба да се научиш да бидеш мал.* Во тој пример реченицата — *вели еден учен човек* — е вметната реченица. Таа се вика вметната, дека не влегуе по значење во составот на реченицата, ами се вметнуе во неа, за да дополни нешто што не е во директна врска со главната мисла. Затоа таа може да се изостави, без да се многу измени значењето на реченицата во која што се употребуе.

Реченици изразени во особено душевно состојание, често изразени само со еден збор, без да ги имаат основните реченични делои, а инаку кажуат извесна мисла, се викаат *елиптични реченици*: *Помош! Огон!* и сл.

## Согласуење на прирокот со подметот

### (Конгруенција)

1) *Еден подмет и прирок.* Прирокот се согласуе со подметот во број, лице и род (ако го има): *Јас сум читал. Ни сме викале. Таа носела вода.*

2) *Повеќе подмети и прироци:* Ако има повеќе подмети, прирокот иде во множина: *Орелот и лисицата се скарале. Јас и ти читаме. Волкот, лисицата и свињата се здружиле да посеат жито.* Понекојпат согласуењето по род и број е со најблискиот подмет: *Дошла бабата и дедото.*

## Независни и зависни реченици

Простите реченици во сложената реченица можат по однос да бидат *независни* или *зависни:*

Примери: а) *Јас читам, а ти пишуеш. Тој шета и чита книга.*

б) *Ние ќе идеме в град да купиме книга. Јас не дојдов вчера, дека бев болен. Ако дојдеш, ќе работиме.*

Каков е односот на речениците во групата а, каков е нивниот однос во групата б? — Во првата група тие стоат независно една од друга, а во втората зависат една од друга.

*Независни реченици* се оние прости реченици во една сложена реченица што стоат независно една од друга: *Јас читам, а ти играш.* Тие лесно можат да се одделат од таа сложена реченица и да стоат самостојно. Тие се равноправни меѓу себе. Таква сложена реченица се вика *независно-сложена.*

*Зависни реченици* се оние прости реченици во сложената реченица што не можат да стоат самостојно, но дополнуат други, од кои што тие зависат: *Вчера не дојдов на училиште, дека бев болен.* Втората реченица не може сама да стои и зависи од првата. Таква сложена реченица се вика *зависно-сложена.*

### Независно-сложени реченици

Во независно-сложената реченица, речениците што ја образуат, можат да бидат сврзани меѓу себе со разни сврзници. Според сврзниците со кои што се сврзани тие можат да бидат: *составни, раставни, спротивни, заклучни.*

1) *Составни* се оние реченици што се сврзуат со овие сврзници: *и, па, пак, ни, ниту.*

2) *Раставни (дисјунктивни)* се оние што се сврзуат со сврзникот *или: Или сам си дојди, или ми пиши. Или купи алат, или го остави занаетот.*

3) *Спротивни (адверсативни)* почнуат со сврзниците: *а, ама, туку, но: Јас кажуам, ама ти не слушаш.*

### Зависно-сложени реченици

Кај зависно-сложените реченици една е *главна*, а другите можат да бидат *зависни* (потчинени).

*Главна реченица* е онаа, на која што потчинената ѝ служи како додаток, а *зависна* онаа што стои до главната и поблизу ја определуе. *Чекај ме дури да дојдам. Ќе одам в град да купам нешто.*

*Чекај ме, ќе одам* се главни, а *дури да дојдам* и *да купам нешто* се зависни (потчинени) реченици.

Зависните реченици можат да бидат:

1) *Временски (темпорални),* што покажуат време кога што се врши дејствието во главната реченица: *Ќе дојдам на гости кога ќе можам.*

Тие се сврзуат со сврзниците: *кога, штом, дури, откако* и сл.

2) *Намерни (финални),* што кажуат цел или намерение на подметот во главната реченица: *Отидов в град да купам нешто.*

Тие сѐ сврзуат најчесто со сврзниците: *да, за да.*

3) *Начински (модални),* покажуат начин, на кој што се врши дејствие во главната реченица: *Како ќе си посееш, така ќе жниеш.*

4) *Исказни (декларативни),* што покажуат дополнение на глаголот во главната реченица: *Мислам дека (оти) ќе дојде Петре.* Во нивните главни реченици секогаш се употребуе глагол што значи: *мислење, зборуење* или *осетуење.* Тие реченици се сврзуат со: *дека, (оти), како* и сл.

5) *Причински (каузални)*, што значат причина за дејствието во главната реченица: *Вчера не дојдов, дека бев болен.* Тие се сврзуат со сврзниците: *дека, оти, бидејќи, зошто, што* и сл.

6) *Последични (консекутивни)*, што покажуат последицата од дејствието кажано во главната реченица: *Така паднав, да си ја скршив ногата. Толку сум уморен, да одвај одам.* Овие реченици се сврзуат за главната со сврзниците: *да, та.* Во главната се обикновено овие зборои: *така, толку, многу.*

7) *Допусни (концесивни)*, што кажуат допуштуење или отстапка на дејствието во главната реченица: *Не дојде, иако знаеше за тоа. Не го најдов, иако го барав целото време.* Допусните реченици се врзуат за своите главни реченици со сврзници: *иако, макар и да, дури* и сл.

8) *Условни (кондиционални)*, што кажуат услов и спогодба под која се врши или би се извршило дејствието во главната реченица: *Ако би го нашол, би ти го дал. Јас би ти кажал, да знаам.* Сврзници: *ако, да, кога* и сл.

9) *Односни (релативни)*, што се однесуат на некој збор во главната реченица и го објаснуат: *Нека дојде човекот што го барам. Дај ми го тоа што ти го дадов.* Тие се сврзуат со односните заменки: *кој што, која што, кои што што* и сл.

## Редот на зборонте во простата реченица

Редот на зборовите во реченицата е *редовен* или *граматички* и *нередовен* или *инверзија*. Редот на зборовите во реченицата зависи од смислата и она што сакаме особено да го потцртаме.

По граматичкиот ред подметот со своите додатоци е на прво место, а по него иде прирокот со своите додатоци. Пр.: *Јас сум прочитал убава книга.*

Кога атрибутот чини составен дел на сопствени именки, тој е пред именката, ако е таа географско име: Крива Паланка, Ново Село, Царево Село и сл. Но ако е атрибутот составен дел на именката што значи лице, тогаш тој е зад именката: Петар Велики, Спиро Црниот исл. Инаку атрибутот обично стои пред именката, што ја појаснуе. Ако се два атрибута, можат да стоат и двата пред именката или именката

меѓу нив: *Твојата најмала сестра* дојде тука вчера; *најмалата сестра твоја* дојде тука вчера.

Во говорот а нарочно во пишуењето пазиме да биде редот на зборoите таков, да може најарно и најточно да ги искажеме мислите. Тука гледаме да ги истакнеме некои зборои, употребуејќи ги на определени места во реченицата. Најважни места во реченицата се првото и последното. Затоа ако сакаме да истакнеме некои зборои, ние ги употребуеме на прво или последно место. Таков ред се вика *нередовен* или *инверзија*. Нпр: реченицата: *Тој дојде денеска*, можеме да ја искажеме и вака: *Денеска тој дојде* или *Дојде тој денеска*, во зависност од тоа што сакаме да потцртаме.

### Редот на речениците во сложената реченнца

Редот на речениците е слободен како и редот на зборoите. Обично прво иде главната, а по неа зависните реченици: *Дојдов кај тебе да ме научиш што да правам.* Но многу често може да се употреби и зависната реченица прво, а по неа главната, ако сакаме повеќе да ја истакнеме смислата на зависната реченица: Кога ќе го свршиш тоа, да ми кажеш.

Во првиот случај имаме редовен или *граматички ред* на речениците, а во вториот *нередовен* или *инверзија*.

---

## ИНТЕРПУНКЦИЈА

**(знаци за запирање)**

Интерпункцијата во нашиот јазик е слободна или *логична интерпункција*. Логичната интерпункција е интерпункција по смислата. Таа дава доста слобода на самиот пишуач, каде и кога ќе земе некој знак, за разлика од *граматичката интерпункција*, која што за сите знаци определуе места, каде кој ќе се бележи во дадени граматички случаи.

### Точка

Точка се пишуе: а) На крајот на една свршена реченица, проста или сложена: *Јас читав книга. Отидов в град да купам леб.*

б) После скратени зборои: *Г. Доктор; дин.; кгр.; о.м.* и сл.

в) После прости броеви употребени како редни.

## Извичник

Извичник се пишуе после извик или после зборои и реченици, со кои што се кажуе некакво појако чувство, заповед, чудење, желба, протест и жалба: *Уф! Што сум уморен! Напред!* Извичник може да дојде и после нешто смешно или во шега: *Блазе си му, кога е шут!* Овој знак може да се удружи и со прашалникот или да се удвои: *Зар и тоа може?! Чудо!!*

## Прашалник

Тој се употребуе после прашални зборои или реченици. Пр: *Кој? Кога си го видел? Виде ли го?*

## Две точки

Тие имаат објаснителен смисол, т.е. се пишуат пред сѐ она што се набројуе, што се наводи или објаснуе збор, израз, реченица. Употреба: а) Пред делои на реченици, особено предмети, што се набројуат, кога се набројуат случаи, правила: *Таму имаме: грозје, круши, јаболка* и сл. Или: *Ученикот се накажуе за: пишуење, одење вечерно време на забава* и сл.

б) Кога се наводат туѓи зборои онака, како што се кажани преди тоа. Тоа е *директен говор.* Ако го употребиме говорот во изменен облик, а содржанието го запазиме, имаме: *индиректен говор: Тој рече: „Утре ќе работам"*.

## Цртичка

а) Цртичката се пишуе тогаш, кога извесен збор, израз или мисла не се доизјаснени или се констатира нешто ново и сака да се потцрта тоа. Пред зборот, реченицата, се пишуе цртичка (—): *Погледнав во дупката, но таму — лисица. Е, другар — до гледање.*

б) Во диалог меѓу лица или животини во басни, раскази и др. да се одделат збороите на разни лица еден од друг: *Ами брат ми? — запраша детето. — Навистина...*

в) Место предлогот *до* меѓу броевите: *од 10—12 саатот.*

г) Прекинуење или недоискажуење на една мисла може да се заврши место со три точки со цртичка: *Јас би читал, ама —*.

д) Вметнатите зборои, изрази или реченици што идат да разјаснат некој дел од реченицата или целата реченица, а немаат внатрешна врска со таа реченица, се одделуат со цртичка пред почнуењето и завршуењето на вметнатото: *Трајко е — рече другарот — голем борец.*

ѓ) Цртичката се пишуе и место испуштен збор: *После ноќ—ден.*

## Наводници

Под наводници стоат: а) Туѓи зборои или мисли што ги наводиме точно како што се кажани: *Петар рече: „Јас повеќе не можам“.*

б) Наслови на книги, весници, фирми и сл. употребени в текст: *„Свет“* од Нушиќ. Весник: *„Борба“*, *„Политика“* и сл.

в) Зборои или изрази во иронија: *Се врати „јунакот“.*

## Неколку точки

а) На крајот на некои недовршени мисли: *Тој дојде и почна да зборуе: Јас сум ви....али...ама..,потаки не можам.*

б) Кога цитираме дел од текст или мисли земени од среде:...*Јагленарот и го извадил трнот....Не сакам тоа.*

## Точка и запирка

Кога склопот на сложената реченица е раширен, составен од повеќе групи реченици, тогаш простите реченици, ако кажуат такви мисли, што поблизу одредуат и зборуат за еден предмет, се одделуат со точка и запирка: *Ако земеш малку, ќе се каеш; ако не земеш ич, пак ќе се каеш. На масата имаше книги, тетратки, пера; околу масата два стола и две столчиња; на ѕидот неколку кадра.* Овој знак ретко се употребуе оти има многу малку случаи, каде што место точка и запирка не би можеле да употребиме само точка или само запирка.

## Апостроф

Апостроф се пишуе место изоставена буква.

## Заграда

Во заграда се пишуат:

1. Зборои и реченици, што не се тесно сврзани со општата мисла, а служат да објаснат некои зборои: *Тој човек (а такви има многу) не ме бендисуе. Тој (старецот) пак е тука.*

2. Во драмите да се објасни движението на лицето: *Петар (кашла).*

## Запирка

Запирка меѓу делоите на реченицата и одделните зборои:

а) Сите зборои, што се набројуат или имат еднаква функција во реченицата, се одделуат со *запирка.* Збороите во набројуење можат да бидат подмети, предмети, прироци или разни други додатоци: *Тој купил нива, кука, стока. Петре донесол: сирење, јајца, мед и маст.* Ако последните два збора се врзани со сврзникот *и*, тогаш запирката не се клава: *Се здружиле мечката, свињата и лисицата.*

б) Апозицијата, вокативот, или каков вметнат збор се одделуат со запирка: *Стојане, донеси вода. Тој е, значи, добар човек.* Во средината, зборот се одделуе со запирка пред него и зад него.

в) Кога со сврзниците: *и, или, ни-ни, нити-нити, било-било,* се подвлекуат или одрекуат зборои што се најдуат еден до друг, меѓу нив се пишуе запирка: *Тој беше: и гладен, и беден, и страден за сешто.*

## Запирка меѓу реченици

### *Независни реченици*

а) Освем кога речениците се во набројуење, уште и кога стоат една до друга, а се наполно независни, се одделуат со запирка: *Тие станаа в зори, испекоа јагне, приготвија торби со јадење и пиење, и појдоа на (пат) излет.*

б) Со запирка се одделуат и спротивните и заклучните: *Ние зборуеме, а тие се смеат.* Такви сврзници се уште: *ама, но.*

в) Пред сврзниците *и, или, ни-ни, нити-нити,* кога се во служба на составен или раставен сврзник, а таа нивна функција не е особено потцртана, не се пишуе запирка: *Тој шета и пее. Ќе дојде Петар или Стојан. Ни те викам ни те сакам.*

г) Пред сврзникот *и* кога тој во извесен смисол ја променил својата основна составна функција, може да се напише запирка, кога имаме два различни подмета во двете реченици: *Петре дојде, и стаса кавгата.*

д) Пред сврзникот *како* не се пишуе запирка: *Тој чита како песна да пее.*

г) Вметнатите реченици се одделуат со запирка: *Тој е, рече, гладен.*

*Зависни реченици*

Во редовен ред на речениците:

Не се одделуат со запирка од своите главни овие зависни реченици:

а) Секакви видои предметски реченици, оти тие претставуат дополнение на главната реченица: *Го замолив да чита. Сметав дека ќе разбере. Разбрав оти имаш книга.*

б) Намерните реченици: *Тој отиде в град да купи книга.*

*Забелешка.* Пред *оти, дека* и *да,* кога со нив почнуе реченица која ја дополнуе главната реченица, не треба да се пишуе запирка.

в) Односните реченици, ако се атрибут проширен во зависна реченица: *Се покануат сите граѓани што ги одбравме вчера да дојдат на конференција.*

Ако пак односната реченица врши служба на апозиција или преставуе вметната реченица, пред неа треба да се пишуе запирка.

Со запирка се одделуат од своите главни овие зависни реченици:

а) Секакви *погодбени реченици*: *Ќе дојдам, ако имам време. Ќе поминев, да учев.*

б) *Допусните реченици: Вчера не дојде, иако имаше време.*

в) *Последичните реченици: Така лошо паднав, да си ја здробив раката.*

г) *Причинсkи реченици* што почнуат со *оти, деkа* или *бидејkи*, се одделуат со запирка: *Вчера не дојдов, оти бев болен. Тој не напишал, деkа немал време. Ти треба да ми помогнеш, бидејkи можеш.*

*Во инверзија*

Ако зависната реченица дојде пред главната, т. е. го промени редовниот ред, пак се одделуе со запирка: *Да kупи kнига, му нарачав.*

# СОДРЖИНА


Страна

Предговор — — — — — — — — — — — — 3

**Увод** — — — — — — — — — — — — — — — 5

Народ и јазик — — — — — — — — — — — — 5

Праславјански јазик — — — — — — — — — 6

Говор и писмо — — — — — — — — — — — 6

Македонски јазик — Мајчин јазик — Народен јазик — Диалекти — — — — — — — — — — — — 6

Литературен јазик — Утврдување на македонскиот литературен јазик — Нашиот стар книжовен јазик — — — 8

Начин за искажување на нашите мисли — — — — — 9

Реченица — — — — — — — — — — — — — 10

Збор — — — — — — — — — — — — — — 10

Слог — — — — — — — — — — — — — — 10

Звук — глас — — — — — — — — — — — — 10

Граматика — — — — — — — — — — — — — 11

Фонетика — — — — — — — — — — — — — 11

Азбука — — — — — — — — — — — — — 12

Разлика меѓу глас и буква — — — — — — — 13

Старото македонско писмо и денешното — — — — — 13

**Фонетика** — — — — — — — — — — — — — — 14

Делба на гласовите — — — — — — — — — — 14

Говорни органи — — — — — — — — — — — 14

Како се образуат гласовите — — — — — — — — 14

Артикулација и делба на самогласките — — — — — 16

Делба на согласките — — — — — — — — — — 16

Делба на согласките по звучност — — — — — — 17

Ограничениja од правилата за едначење по звучност — — 17

Редукција на согласките поради едначењето — — — — 18

Делба на согласките по начинот на образувањето — — — 18

Делба на согласките по местото на образувањето — — — 18

Артикулација на согласките — — — — — — — — 19

Некои правописни правила — — — — — — — — 20

Акцент — — — — — — — — — — — — — 22

Енклитики и проклитики — — — — — — — — — 24

**Етимологија** — — — — — — — — — — — — — 24

Општ дел на зборот — — — — — — — — — — 25

Изведени и неизведени зборови — — — — — — — 25

Продуктивни суфикси за образување на именки — — — 26

Суфикси за образување на придавки — — — — — — 28

Прости и сложени зборови — — — — — — — — — 28

Делба на сложените зборови — — — — — — — — 29

**Морфологија** — — — — — — — — — — — — — 29

Видови на зборовите — — — — — — — — — — 29

Менливи и неменливи зборови — — — — — — — 29

Менливи зборови — — — — — — — — — — 29

Број — — — — — — — — — — — — — — 30

**Именки** — — — — — — — — — — — — — — 30

Граматички и природен род кај именките — — — — — 31

Деклинација — — — — — — — — — — — — 32

Независни и зависни падежи — — — — — — — — 33

Страна

Деклинацијa на именките од машки род — — — — — 33
Деклинација на имеиките од женски род — — — — — 36
Деклинација иа именките од среден род — — — — — 37
Членот кај именките — — — — — — — — — — 38

**Придавки** — — — — — — — — — — — — — — 39

**Броеви** — — — — — — — — — — — — — — 41

**Заменки** — — — — — — — — — — — — — — 43

**Глаголи** — — — — — — — — — — — — — — 49

Поделба на глаголите по траењето на дејствието — — — 49
Поделба на глаголите по преоѓањето на дејствието — — 50
Менливост на глаголите — конјугација — — — — — 50
Поделба на глаголските форми — — — — — — — 51
Лични и безлични глаголски облици — — — — — — 51
Помошни глаголи — — — — — — — — — — — 52
Сегашно време — — — — — — — — — — — 53
Глаголски групи — конјугации — — — — — — — 53
Заповеден начин — — — — — — — — — — — 54
Минато определено време несвршено — — — — — — 56
Минато определено време свршено — — — — — — 57
Минато неопределено време — — — — — — — — 58
Одамна минато време — — — — — — — — — 59
Идно време — — — — — — — — — — — — 60
Условен начин — — — — — — — — — — — 60
Глаголски прилог — — — — — — — — — — — 62
Активна глаголска придавка — — — — — — — — 62
Пасивна глаголска придавка — — — — — — — — 63
Пасив — — — — — — — — — — — — — — 63
Инфинитив — — — — — — — — — — — — — 64

**Неменливи збори** — — — — — — — — — — — 64

Прилози — — — — — — — — — — — — — 64
Предлози — — — — — — — — — — — — — 65
Сврзници — — — — — — — — — — — — — 66
Извици — — — — — — — — — — — — — — 66

**Синтакса** — — — — — — — — — — — — — 67

Делои на реченицата — — — — — — — — — — 67
Подмет (субјект) — — — — — — — — — — — 67
Подметови додатоци — — — — — — — — — — 68
Прирок — — — — — — — — — — — — — — 68
Прирокови додатоци — — — — — — — — — — 68
Поделба на речениците — — — — — — — — — 69
Согласуење на прирокот со подметот — — — — — — 70
Независни и зависни реченици — — — — — — — 70
Независно-сложени реченици — — — — — — — — 71
Зависно-сложени реченици — — — — — — — — 71
Редот на зборовите во простата реченица — — — — — 72
Редот на речениците во сложената реченица — — — — 73

**Интерпункција** — — — — — — — — — — — — 73

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА БИБЛИОТЕКА